ООУ Гоце Делчев

Свети Николе

**Самоевалуација 2019-2021 година**

**ПОДРАЧЈЕ БРОЈ 1: НАСТАВНИ ПЛАНОВИ И ПРОГРАМИ**

| Бр. | Индикатор за квалитет | Теми |
|---|---|---|
| 1.1 | **Реализација на наставните планови и програми** | • Применувани наставни планови и програми;<br>• Информираност на родителите и учениците за наставните планови ипрограми;<br>• Прилагодување на наставните програми на децата со посебниобразовни потреби;<br>• Избор на наставни предмети;<br>• Планирање на активности за реализација на слободните часови/проектните активности на училиштето<br>• План на активности за реализација на еколошки проекти и точки на акции од воспоставените еко-стандарди<br>• Реализација на проширена програма.<br>• Интегрирање на еколошки содржини од еколошката програма за работа на училиштето |
| 1.2 | **Квалитет на наставните плановии програми** | • Родова и етничка припадност и мултикултурна сензитивност вонаставните програми и наставните помагала;<br>• Интегрирање на карактеристиките и потребите на локалната средина вонаставните програми и наставните помагала;<br>• Интегрирање на меѓупредметни цели на образованието<br>• Влијанието на наставниците и родителите врз наставните планови ипрограми.<br>• Влијание на наставниците, родителите и социјалните партнери во интегрирањето на еколошката програма во годишната програма за работа на училиштето |
| 1.3 | **Воннаставни активности** | • Обем и разновидност на планираните и реализираните воннаставниактивности;<br>• Опфатеност на учениците со воннаставните активности;<br>• Вклученост на учениците во изборот и планирањето на работата вовоннаставните активности;<br>• Афирмирање на учениците и училиштето преку воннаставнитеактивности.<br>• Обем и разновидност, опфатеност, вклученост и афирмација на учениците во изработката на Планот на активности и реализацијата на еколошки проекти и точки на акции од воспоставените еко-стандарди |

**Подрачје бр. 1: Наставни планови и програми**

| Индикатор за квалитет | Податоци (кои информации се собрани?) | Извори наподатоци | Ниво на евалуација |
|---|---|---|---|
| **Реализација на наставните планови и програми** | Училиштето целосно ги реализира наставните планови и програми и истите се во согласност со програмските документи изготвени од Биро за развој на образованието (БРО) и одобрени од Министерство за образованиеи наука (МОН).<br>Според одлука на Влада на РСМ заради пандемијата наставата за учебната 2019/2020 од месец март до крајот на учебната година се одвиваше онлајн.Наставата во учебната 2020/2021 год. се одвиваше комбинирано:<br>Во централното училиште:<br>-паралелките од прво до трето одделение беа со физичко присуство, а од четврто до деветто одделение наставата се реализираше онлајн;<br>Во подрачните училишта: од прво до петто одделение беа со физичко присуство, а од шесто до деветто беа онлајн.<br>Учебната 2020/2021 година започна во месец октомври, а БРО изработи наставни планови и програма со скратени содржини.<br>Наставните планови и програми се реализираат во пропишаниот обем иброј на часови и нема отстапки кај ниту еден наставен предмет. При реализацијата на наставните програми се применуваат разновидни форми, методи, техники, современи стратегии за учење, различни наставни средства и технички помагала со кои располага училиштето. Сите наставници пред почетокот на учебната година изработуваат годишни, тематски планирања по сите наставни предмети(задолжителни и изборни), како и програма за слободно ученички активности.<br>Во распоредот на часови, вметнати се и часовите за додатна настава и дополнителна настава по секој наставен предмет. Часовите редовно се одржуваат и истите се евидентираат во дневниците на паралелките. Сите наставници имаат годишни планирања и израбитуваат дневни оперативни планови за реализација на додатна настава и дополнителна настава.<br>Во рамки на проектот ,,Интеграција на еколошката едукација во македонскиот образовен систем,, секоја година се изработува | - Наставни плановии програми донесени од БРО /МОН;<br>- Годишна програмаза работа на училиштето;<br>- Годишен извештајна училиштето;<br>- Нормативни актина училиштето;<br>- Тематски планирања и темарско – процесни планирања на наставниците;<br>- Распоред на часовиод I-V и VI-IX;<br>- Брошура на училиштето и интернет страница на училиштето;<br>- ИОП за ученици со посебни образовни пореби;<br>- Документ за постапка за избор на изборни наставни предмети;<br>- Педагошка евиденција и документација;<br>- Текстуални | **Добро** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | План на активности за тековнста година според понудените еколошки теми.Во рамки на проектот се изработува и интегрирана програма со еко содржини кои наставниците ги реализираат во текот на наставата.<br>Наставните планови и програми им се достапни на наставниците, родителите и учениците. Тие се чуваат кај педагогот на училиштето, а можат да се добијат по нивно лично барање, а редовно се надополнуваат со тековните измени и корегираат во текот на годината. Наставните планови и програми се наоѓаат и на веб страниците на Бирото за развој на образованието (БРО) и Министерството за образование и наука (МОН). Родителите се запознаваат со наставните планови и програми на родителски средби, Совет на родители, Училишен одбор, како и преку веб страната на училиштето (www.gocedelcevsvn.wordpress.com). Учениците се запознаваат на почетокот на учебната година со наставниот план и програма за секој наставен предмет од страна на одделенските и предметните наставници.<br>За учениците со посебни потреби се изготвуваат индивидуални образовни планови, со прилагодена програма соодветна наивните потреби и интереси. За жал во училиштето се уште нема дефектолог за работа за деца со посебни потреби, но работата е олеснета со присуството на асистенти кои им помагаат на учениците со посебни потреби за време на наставата.<br>Во одделенска настава има можности за интегративен пристап кон содржините и истиот се применува често. Најчесто се интегрираат содржини по природни науки, мајчин јазик и ликовно образование, како и со примена на ИКТ во наставата. Редовно се користат софтверот Toolkit,Едуино и интернет.<br>Училиштето ги прилагодува наставните програми според можностите на учениците со посебни образовни потреби. Во училиштето се идентификувани 2 ученици со посебни образовни потреби кои имаат наод и мислење од здравствени установи и работат според Индивидуален образовен план (ИОП). Индивидуалните образовни планови ги изработуваат наставниците во соработка со педагошко – психолошката служба, со дадена согласност од родителот. | извешта и за реализација на дополнителна /додатна и воннаставни активности<br>- Записници од Училишен одбор;<br>- Записници од Наставнички совет;<br>- Записници од Одделенски совети;<br>- Записници од Совет на родители;<br>- Записници од родителски средби<br>- Анкетни прашалници (наставници, ученици,родители)<br>- Интервјуа со наставници, стручна служба, родители,ученици, директор | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | • Училиштето има воспоставено процедура за избор на изборни предмети. Постапката за избор на наставни предмети се применува во целост, со доследно почитување на потребите, афинитетите и барањата на учениците. Училиштето нуди можност, преку анкетирање, учениците да изберат наставен предмет што сакаат да го изучуваат во текот на целата учебна година. Според насоките дадени од МОН, при избор на изборни предмети, наставниците изработуваат анкетни прашалници во кои се понудени 3 изборни предмети, освен за одделенска настава затоа што според наставниот план од МОН беше понуден само еден наставен предмет. За избраните предмети се известува овластениот просветен инспектор. **Според новата Концепција за основно образование за учениците од IV одделение ќе се даде можност за избор на изборни предмети според Водичот за слободни изборни предмети за основно образование донесен од БРО, чија имплементација ќе започне од учебната 2021/2022.**<br><br>Анкетирани се сите ученици од шесто одделение и сите ученици од седмо одделение. Училиштето дава можност на учениците да вршат избор на наставни предмети.<br>Во 6-то одд. избор на втор странски јазик (Италијански јазик, Француски јазик,Руски јазик и Германски јазик) и помеѓу Етика во религиите, Класична култура во европската цивилизација и Запознавање на религиите. Во 7-мо одд изборни предмети се Изборен спорт, Вештини на живеење и Проекти од музичка уметност. Во 8 одделение се врши избор помеѓу Вештини на живеење,Изборен спорт и Проекти од музичка уметност , а во 9 одделение се врши избор меѓу предметите Програмирање, Танци и народни ора и Проекти од ликовна уметност. Изборот се врши преку анкета на крајот од учебната година. Повратната информација што ја донесуваат учениците со потпис на своите родители докажува за транспарентноста што нашето училиште ја реализира при изборот на наставните предмети. После направената анализа на анкетните листови се прават групи кои ја следат наставната програма на избраниот предмет.<br><br>Во училиштето се организираат слободни ученички активности и секој наставник реализира по еден час седмично во текот на | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | целата учебна година. Истите ги задоволуваат интересите и потребите на учениците. Секој наставник навремено ги евидентира реализираните часови за слободни ученички активности во дневникот на паралелката, а на крајот од првото полугодие и на крајот од учебната година наставниците изработуваат текстуални извештаи за реализацијата на часовите заслободни ученички активности.<br>Но поради пандемијата од март 2020 слободните ученички активности се одржуваа редуцирано.<br>Пред пандемијата училиштето спроведуваше постапка за реализација на проширена програма. Училиштето организираше прифаќање и заштита на учениците еден час пред започнување на редовната настава и еден час по завршувањето на редовната настава, кое го вршеше дежурен наставник.<br>Училиштето организираше настава со продолжен престој за ученици од прво одделение.<br><br>Врз основа на добиените резултати од спроведените анкетни прашалници за наставници, родители и ученици од подрачјето: Реализација на наставните планови и програми- можеме да го истакнеме следново:<br>Во однос на прашањето за тоа дали училиштето има воспоставено процедури и ги информира родителите и учениците за наставните планови и програми што се реализираат, **најголем дел од испитаниците се согласуваат дека тоа во нашето училиште е постојано присутно и е вградено во училишната култура**(80% од анкетираните родители. 94% од учениците се изјаснаа дека нивните наставници ги информираат за наставните предмети и соодветните цели .Од наставниците што беа анкетирани 83% истакнаа дека и учениците и родителите се соодветно информирани за целите на наставните програми. Тоа го прават на родителските средби,индивидуалните средби, на почетокот и во текот на учебната година).<br>73% од анкетираните наставници се изјаснаа дека наставните планови и програми се во согласност со донесените програмски документи од МОН и се реализираат во пропишаниот обем.<br>Во однос на работата со деца со посебни образовни потреби **испитаниците во најголем дел се изјаснаа дека во училиштето со тие деца се работи според прилагодени наставни програми**( | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | 68% од родителите, 67% од учениците и 90% од наставниците). 31% од наставниците ИОП го изработуваат сами, а 45%- со стручна служба. Најголем дел од наставниците (59% ) на прашањето дали вклучуваат и родител на дете со посебни образовни потреби во изработката на ИОП одговориле потврдно. 64% од анкетираните наставници истакнаа дека при реализацијата на проектни активности ги вклучуваат и учениците со посебни образовни потреби.<br><br>За прашањето за изборните предмети најголем дел (84%) од анкетираните родители и 48% од наставниците се согласуваат дека **се нудат повеќе од 2 изборни предмети и дека постапката за избор на наставни предмети се применува во целост-** 70% од родителите и 52% од наставниците. И кај анкетираните ученици најголем дел од нив- 97% се согласуваат дека тоа е постојано присутно и е вградено во нашето училиште.<br><br>**Најголем дел од испитаниците 85% од учениците се согласуваат дека во училиштето се реализираат проширени програми според можностите и потребите на учениците.** Училиштето континуирано нуди и реализира програми за задоволување на интересите и желбите на учениците од разни области.<br><br>Најголем дел од испитаниците( 84% од родителите, 91 % од учениците и 77% од наставниците) се согласуваат дека сопримената на еко стандардите се развива еколошката свест кај учениците. **93% од анкетираните наставници се изјасниле дека во нивните програми се интегрирани еколошки теми и дека во текот на учебната година повеќе пати реализираат теми со еко содржини.** Тоа го потврдуваат дури 82 % од учениците.<br><br>73% од анкетираните наставници се изјасниле дека целите за меѓуетничка интеграција доволно се постигнуваат преку соодветни наставни содржини што наставниците ги применуваат. | | |

**Подрачје бр. 1.2: Квалитетот на наставните планови и програми**

| Индикатор за квалитет | Податоци (кои информации се собрани?) | Извори на податоци | Ниво на евалуација |
|---|---|---|---|
| **Квалитет на наставни планови и програми** | Нашето училиште води грижа за родовата и етничка рамноправност и мултикултурна сензитивност. При самиот избор на одделенското раководство во секое одделение се бираат ученици од различен пол и етничка припадност. а самиот избор на претседателство на ниво на училиште се бираат по еден претставник од машки и женски пол, а се води сметка и за етничката припадност. Бројот на ученици од друга етничка припадност во нашето училиште е мал. На одделенските часови раководителите на паралелки реализираат работилници од програмата за Животни вештини за сензација на етничките групи. Во склоп на проектот Меѓуетничка интеграција на младите во образованието нашето училиште е партнер со училиштата „Кирил и Методиј“-с.Романовце и „Кочо Рацин“-Дојран.<br>Поради пандемијата активностите со парнерските училишта се одвиваат онлајн.<br>Наставниците и родителите можат да влијаат на наставните планови и програми на ниво на совет на родители и стручен актив. Сепак досега во нашето училиште не се преземени иницијативи за промена на наставните планови и програми.<br><br>- Во однос на прашањето дали наставниците **имаат современ приод во реализацијата и совладувањето на наставните планови и програми**.. голем дел од испитаниците сметаат дека е така<br>(79% од анкетираните ученици, 74% од анкетираните родители сметаат дека наставниците **имаат** современ приод во реализацијата и совладувањето на наставните планови и програми.)<br>(5% од анкетираните ученици, 0% од анкетираните родители сметаат дека наставниците **немаат** современ приод во реализацијата и совладувањето на наставните планови и програми.)<br>(16% од анкетираните ученици, 26% од анкетираните родители сметаат дека наставниците **делумно** имаат современ приод во реализацијата и совладувањето на наставните планови и програми.) | - Наставни планови и програми донесени од МОН,<br>- Годишна програма за работата на училиштето,<br>- Тематски планирања на наставниците,<br>- Прилагодени наставни програми за децата со ПОП,<br>- Педагошка евиденција и документација,<br>- Записници од стручни органи на училиштето, Совет на родители, Училишен одбор<br>- Програми за дополнителна, додатна настава и други вонанаставни активности (секции, екскурзии, приредби)<br>- Брошура, флаери и интернет страницата на училиштето,<br>- Анкетни прашалници (наставници, ученици, родители),<br>- Интервјуа со наставници, стручна служба, родители, ученици, директор<br>Дневни оперативни | **Добро** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | планови на наставниците<br>Дневници на паралелките;<br>- Програма за соработка на училиштето со локалната средина; | |

**Подрачје бр. 1.3: Вонннаставни активности**

| Индикатор за квалитет | Податоци (кои информации се собрани?) | Извори на податоци | Ниво на евалуација |
|---|---|---|---|
| | Во нашето училиште се реализираат и воннаставни активности кои служат за подршка на личен, професионален и социјален развој на учениците: слободни активности за учениците од одделенска и предметна настава, екскурзии (наставни, со општ воспитно- образовен карактер, комбинирани и екскурзии за забава и рекреација), натпревари (училишни, општински, регионални, републички), производствена и општествено-корисна работа на учениците), приредби, ученички заедници и др.<br>Во предметна настава, големиот број часови на учениците, како и работата на училиштето во смени ја отежнува работата на слободните ученички активности.<br>Во училиштето се реализираат и слободни ученички активности, активно функционираат драмска, литературна, рецитаторска библиотекарска секција, секција по англиски, италијански, француски јазик, секција по математика , физика, географија, биологија, хемија, историја, програмирање, слободни спортски активности (фудбал, ракомет, кошарка), и слободни технички активности (сообраќајна секција).<br>Во рамки на одделенска настава работат и ритмичко балетска, музичка, ликовна , математичка, драмска и други секции.<br>Во училиштето функционираат одделенски и стручните активи –општествено јазичен актив, природно математички актив, актив за вештини. Активите редовно организираат состаноци на кои се дискутира за наставните планови и програми, нагледни средства, изработка на критериуми за оценување и сл. додатна и дополнителна настава, програми за изведување на ученички екскурзии.<br>Функционира и Училишниот одбор кој е битен сегмент во донесување на одлуки во самото училиште.<br>На почетокот на учебната година наставниците изработуваат програма за дополнителна и додатна настава по секој наставне предмет во која подоцна се вклучуваат учениците.Стручната служба во текот на самата учебна година спроведува анкетни прашалници за учениците , наставниците и родителите поврзани со различни теми вклучувајќи и анализа на состојбата на животната средина.<br>Училиштето ги интегрира карактеристиките на локалната средина во наставните програми. На пример: во наставната програма по одделни наставни предмети се обработуваат содржини кои се однесуваат на одбележување на значајни датуми и личности од локалната средина, се посетуваат театарски и кино претстави, се учествува во различни акции од | -Записници од Стручни активи;<br>-Годишен извештај на училиштето;<br>-Фотографии од одржани приредбиво дигитална форма<br>-Годишна програма на училиштето;<br>-Програми за дополнителна настава, додатна настава и слободни ученички активности;<br>-Програми за воннаставни активности;<br>-Годишна програма за работа на Детска организација;<br>-Програма за здравствено воспитание на учениците;<br>-Интервјуа со наставници, стручна служба, родители, ученици, директор ;<br>-Педагошка евиденција и документација; | Добро |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | јавен интерес и културни манифестации организирани од Општината. Во рамките на Годишната програма на училиштето има програма за соработка на училиштето со локалната средина, а реализираните активности се евидентирани во полугодишени и годишен извештај.<br>Наставниците во своите планирања имаат интегрирано меѓупредметни цели – корелација со други наставни предмети, кои повеќе се применуваат во одделенска настава. Училиштето има разработено насоки за интегрирање на општите (меѓупредметни) цели во сите наставни програми (развивање на самодоверба, иницијативност, одговорност, почитување на различноста и основните човекови права и јакнење на свеста кај учениците за припадност на татковината како мултикултурно општество). Наставните планови и програми го помагаат личниот и општествениот развој на машките и женските ученици од различно етничко потекло, опфаќајќи тематика како што е на пример: раководење, соработка, договарање, самодоверба и разрешување на конфликти. Овие теми се обработуваат на часовите по граѓанско образование, часовите на одделенската заедница, општество и други наставни предмети во кои истите можат да се интегрираат.Постои интеракција меѓу наставниците и учениците во реализација на еколошките проекти и точките на акција од воспоставените еко-стандарди.<br>На најразличен начин се врши поттикнување на учениците за преземање одговорност во реализација на еколошките проекти и точки на акција од воспоставените еко-стандарди.Еко-одборот нема покренато иницијатива за измени и дополнувања на наставните планови и програми. Во еко-проектот активно се вклучени учениците, родителите и наставниот кадар преку учество во различни еко- активности (засадување садници, активно учество во собирни акции на хартија, пластична амбалажа, капачиња, Е-отпад и батерии). | -Дневник за работа на училиштето;<br>-Дипломи, признанија и пофалници од учество на манифестации, кокурси и натпревари;<br>-Анкети со наставниците, родителите и учениците за вонаставните активности;<br>-Годишен извештај на училиштето;<br>-Училишни весници / брошура;<br>-Ученички катчиња / паноа. | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Вонраставни активности** | Во училиштето функционираат зедници на учениците и тоа: Детска организација, Училишен парламент, Подмладок на Црвен Крст кои се дел од Црвен крст на Свети Николе. Редовно се евидентираат реализираните активности на заедниците на учениците.<br>Секоја година се одбележува Детската недела со повеќе активности: се читаат извадоци од Конвенцијата за правата на децата, се организира училишен литературен и ликовен конкурс, се спроведуваат хуманитарни собирни акции и првачињата свечено стануваат членови во Детската организација.<br>Во рамките на општествено - корисна и хуманитарна работа се организираат собирни акции во храна и облека, хуманитарни акции во парични средства, училишен прибор, книги, играчки,хепенинзи и други активности.<br>Ученичките екскурзии и излети се планираат и изведуваат според Правилник донесен од МОН и однапред изготвени програми што се одобрени од Бирото за развој на образованието.<br>Поради пандемијата од март 2020 не се изведуваат ученички екскурзии и излети.<br>Во рамките на грижа за здравјето на учениците во соработка со Здравствен дом „Гаврило Гаврилски„ - Свети Николе се реализираат систематски прегледи, стоматолошки прегледи со залевање на забите, едукативни предавања и работилници.<br>Учениците покажуваат голем интерес за учество на конкурси и натпревари во училиштето и надвор од него, каде постигнуваат солидни резултати.<br>Афирмација на училиштето се врши преку училишен весник „Виножито“, преку освоени награди на натпревари од повисок ранг, веб-страна на училиштето, социјална мрежа – Facebook и др. Во училиштето има ученички катчиња што се користат како средства за афирмирање на воннаставните активности и продуктите од нив.<br>Поради пандемијата од март 2020 год. беа реализирани само дел од планираните воннаставни активности.<br><br>Во однос на прашањето за тоа дали училиштето планира и реализира разновидни воннаставни активности според потребите и интересите на учениците, **голем дел од испитаниците се согласуваат дека се планираат и реализираат воннаставни активности според потребите и интересите на учениците**<br>(26% од анкетираните ученици, 53% од анкетираните родители, а 89% од наставниците сметаат дека воннаставните активности **се согласно** потребите и | | Многу добро |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | интересите на учениците).<br>(16% од анкетираните ученици, 18% од анкетираните родители, а 0% од наставниците сметаат дека вонаставните активности **не се согласно** потребите и интересите на учениците).<br>(58% од анкетираните ученици, 29% од анкетираните родители, а 11% од наставниците сметаат дека вонаставните активности **делумно** се согласно потребите и интересите на учениците).<br><br>- Во однос на тоа дали најголемиот број ученици се вклучени барем во една вонаставна активност за поддршка на личниот и социјален развој,без оглед на нивниот пол,етничка и социјална припадност. **голем дел од испитаниците се изјаснија дека учениците се вклучени во најмалку една вонаставна активност за поддршка на личниот и социјален развој без разлика на нивниот пол, етничка или социјална припадност.**<br>(78% од учениците, 65% од родителите и 100% од наставниците сметаат дека учениците **се вклучени** во најмалку една вонаставна активност за поддршка на личниот и социјален развој без разлика ка нивниот пол, етничка или социјална припадност).<br><br>(11% од учениците, 21% од родителите и 0% од наставниците сметаат дека учениците **не се вклучени** во најмалку една вонаставна активност за поддршка на личниот социјален развој без разлика ка нивниот пол, етничка или социјална припадност).<br><br>(11% од учениците, 15% од родителите и 0% од наставниците сметаат дека учениците **делумно се вклучени** во најмалку една вонаставна активност за поддршка на личниот и социјален развој без разлика ка нивниот пол, етничка или социјална припадност)<br><br>- Во однос на тоа дали учениците се вклучуваат во вонаставни активности по сопствен избор, **голем дел од испитаниците се изјаснаа дека учениците по сопствено убедување и желба се вклучуваат во вонаставните активности и тоа**<br>(67% од анкетираните ученици, 82% од анкетираните родители, 100% од анкетираните наставници сметаат дека учениците **се вклучуваат** во вонаставни активности по сопствен избор).<br><br>(28% од анкетираните ученици, 6% од анкетираните родители, 0% од | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | анкетираните наставници сметаат дека учениците **не се вклучуваат** во воннаставни активности по сопствен избор).<br><br>(6% од анкетираните ученици, 12% од анкетираните родители, 0% од анкетираните наставници сметаат дека учениците **делумно се вклучуваат** во воннаставни активности по сопствен избор).<br><br>- Во однос на прашањето дали учениците имаат **клучна улога во изготвувањето на програмите за работа на вонаставните активности**, испитаниците се изјаснаа 67% од учениците, 39% од родителите и 56% од наставниците сметаат дека учениците **имаат** клучна улога во изготвувањето на програмите за работа на вонаставните активности)<br><br>(11% од учениците, 21% од родителите и 11% од наставниците сметаат дека учениците **немаат** клучна улога во изготвувањето на програмите за работа на вонаставните активности)<br><br>(22% од учениците, 39% од родителите и 33% од наставниците сметаат дека учениците **делумно** имаат клучна улога во изготвувањето на програмите за работа на вонаставните активности.<br><br>- Дали учениците со поддршка од училиштето и наставниците **учествуваат во различни манифестации и се трудат да постигнат високи успеси на натпревари од различни области што се организираат на локално,национално или на меѓународно ниво.** најголем број од испитаниците одговорија позитивно и тоа<br>(95% од анкетираните ученици 82% од анкетираните родители и 100% од анкетираните наставници сметаат дека учениците од училиштето и наставниците **учествуваат** во различни манифестации и се трудат да постигнат високи успеси на натпревари од различни области).<br>(5% од анкетираните ученици 3% од анкетираните родители и 0% од анкетираните наставници сметаат дека учениците од училиштето и наставниците **не учествуваат** во различни манифестации и се трудат да постигнат високи успеси на натпревари од различни области).<br><br>(0% од анкетираните ученици 15% од анкетираните родители и 0% од анкетираните наставници сметаат дека учениците од училиштето и наставниците **делумно учествуваат** во различни манифестации и се трудат да | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | постигнат високи успеси на натпревари од различни области).<br><br>- Во однос на прашањето дали **се користат средства (училиштен весник, веб страна, социлајни мрежи, разглас, ученичко катче, медиуми, пригодни манифестации и сл.) за афирмирање на вонnаставни активности и продуктите од нив**. голем дел од испитаниците се изјаснаа позитивно и тоа<br><br>(68% од анкетираните ученици, 65% од анкетираните родители и 100% од анкетираните наставници сметаат дека **се користат** средства (училиштен весник, веб страна, социлајни мрежи, разглас, ученичко катче, медиуми, пригодни манифестации и сл.) за афирмирање на вонnаставни активности и продуктите од нив.)<br><br>(16% од анкетираните ученици, 9% од анкетираните родители и 0% од анкетираните наставници сметаат дека **не се користат** средства (училиштен весник, веб страна, социлајни мрежи, разглас, ученичко катче, медиуми, пригодни манифестации и сл.) за афирмирање на вонnаставни активности и продуктите од нив.)<br><br>(16% од анкетираните ученици, 26% од анкетираните родители и 0% од анкетираните наставници сметаат дека **делумно се користат** средства (училиштен весник, веб страна, социлајни мрежи, разглас, ученичко катче, медиуми, пригодни манифестации и сл.) за афирмирање на вонnаставни активности и продуктите од нив.) | | |

| РЕЗИМЕ И ЗАКЛУЧОЦИ ОД ПОДРАЧЈЕТО НАСТАВНИ ПЛАНОВИ И ПРОГРАМИ | |
|---|---|
| **ЈАКИ СТРАНИ** | **СЛАБИ СТРАНИ** |
| | |
| • Училиштето има воспоставено процедури и ги информира родителите и учениците за наставните планови и програми што се реализираат.<br>• Наставните планови и програми се во согласност со донесените програмски документи од МОН и се реализираат во пропишаниот обем.<br>• Во училиштето со децата со посебни образовни потреби се работи според прилагодени наставни програми-ИОП, кои наставникот ги изработува сам или со стручна служба на училиштето.<br>• Наставниците ги вклучуваат децата со посебни образовни потреби при реализација на проекти.<br>• Постапката за изборни предмети се спроведува во целост како што е потребно.<br>• Во програмите на наставниците се интегрирани еколошки теми и во текот на учебната година повеќе пати се реализираат темисо еко содржини.<br>• Родовата и етичката перспектива на образованието во нашето училиште е застапена во доволна мера и на тој начин се обезбедува рамноправнообразование за сите.<br>• Во наставните програми во нашето училиште се планираат насоки за вградување на меѓупредметните цели (развивање на самодовербата,иницијативноста, одговорноста,<br>• Учениците учествуваат на конкурси и натпревари во училиштето и надвор од него, каде постигнуваат солиднирезултати; | • Училиштето недоволно обезбедува услови и делумно ги вклучува учениците со посебни потреби во воннаставните активности<br>• Училиштето делумно планира и реализира разновидни воннаставни активности според потребите и интересите на учениците |

## ПРИЛОГ ПРАШАЛНИЦИ ОД ПОДРАЧЈЕТО НАСТАВНИ ПЛАНОВИ И ПРОГРАМИ

### 1.3. Воннаставни активности

### Анкетен прашалник за наставници

Овој анкетен прашалник го реализираме во рамките на спроведувањето на самоевалвацијата на нашето училиште во подрачјето НАСТАВНИ ПЛАНОВИ И ПРОГРАМИ- Квалитет на наставните планови и програми. Преку вашите искрени одговори ќе ја добиеме реалната слика до каде сме во однос на оваа тема, кои ни се слаби страни и каде во иднинатреба да се подобриме. Ви благодариме на одвоеното време за пополнување на прашалникот.

Прашалникот е анонимен.Ве молиме внимателно прочитајте ги прашањата,а потоа одговорете ги со заокружување на буквата пред одговорот кој мислите дека е точен.

I. Училиштето планира и реализира разновидни вонnаставни активности според потребите иинтересите на учениците.

а) Да
б) Не
в) Делумно

II. Најголемиот број ученици се вклучени барем во една вонnаставна активност за поддршкана личниот и социјален развој,без оглед на нивниот пол,етничка и социјална припадност.

а) Да
б) Не
в) Делумно

III. Учениците се вклучуваат во вонnаставни активности по сопствен избор.

а) Да
б) Не
в) Делумно

IV. Учениците имаат клучна улога при подготвувањето и реализацијата на програмата завонnаставни активности

а) Да
б) Не
в) Делумно

V. Училиштето обезбедува услови и ги вклучува учениците со посебни образовни потребиво вонnаставните активности

а) Да
б) Не
в) Делумно

VI. Учениците со поддршка од училиштето и наставниците учествуваат во различни манифестации и се трудат да постигнат високи успеси на натпревари од различни области што се организираат на локално,национално или на меѓународно ниво.

а) Да
б) Не
в) Делумно

VII. Се користат средства (училиштен весник, веб страна, социјални мрежи, разглас, ученичко катче, медиуми, пригодни манифестации и сл.) за афирмирање на вонаставни активности и продуктите од нив.

а) Да
б) Не
в) Делумно

1.3. Воннаставни активности Анкетен прашалник за родителите

I. Училиштето планира и реализира разновидни воннаставни активности според потребите иинтересите на учениците.

а) Да
б) Не
в) Делумно

II. Најголемиот број ученици се вклучени барем во една воннаставна активност за поддршкана личниот и социјален развој,без оглед на нивниот пол, етничка и социјална припадност.

а) Да
б) Не
в) Делумно

III. Учениците се вклучуваат во воннаставни активности по сопствен избор.а) Да

б) Не
в) Делумно

IV. Учениците имаат клучна улога во изготвувањето на програмите за работа навоннаставните активности.

а) Да
б) Не

в) Делумно

V. Учениците со поддршка од училиштето и наставниците учествуваат во различни манифестации и се трудат да постигнат високи успеси на натпревари од различни области што се организираат на локално,национално или на меѓународно ниво.

а) Да
б) Не
в) Делумно

VI. Се користат средства (училиштен весник, веб страна, социлајни мрежи, разглас, ученичко катче, медиуми, пригодни манифестации и сл) за афирмирање на воннаставни активности и продуктите од нив.

а) Да
б) Не
в) Делумно

VII. Наставниците имаат современ приод во реализацијата и совладувањето на наставнитепланови и програми.

а) Да
б) Не
в) Делумно

## АНКЕТЕН ПРАШАЛНИК ЗА РОДИТЕЛИ

Почитувани родители,

Овој анкетен прашалник го реализираме во рамките на спроведувањето на самоевалвацијата на нашето училиште во подрачјето НАСТАВНИ ПЛАНОВИ И ПРОГРАМИ- Реализација на наставните планови и програми. Преку вашите искрени одговори ќе јадобиеме реалната слика до каде сме во однос на оваа тема, кои ни се слаби страни и каде во иднина треба да се подобриме. Прашалникот е анонимен. Ве молиме внимателно прочитајте ги прашањата, а потоа одговорете ги со заокружување на буквата пред одговорот кој мислите дека е точен.

Ви благодариме на одвоеното време за пополнување на прашалникот.

**1.** Училиштето има воспоставено процедури и ги информира родителите и учениците занаставните планови и програми што се реализираат.

а) се согласувам
б) делумно се согласувам
в) не се согласувам

**2.** Со децата со посебни образовни потреби се работи според прилагодени наставнипрограми.

а) се согласувам
б) делумно се согласувам
в) не се согласувам

**3.** Училиштето нуди повеќе од 2 изборни предемти кои можат да ги изберат учениците.а) се согласувам

б) делумно се согласувам
в) не се согласувам

**4.** Постапката за избор на наставни предмети се применува во целост, со доследнопочитување на потребите и барањата на учениците.

а) се согласувам
б) делумно се согласувам
в) не се согласувам

**5.** Примената на еко стандардите придонесува за реализирање и продлабочување наеколошката свест кај учениците.

а) се согласувам
б) делумно се согласувам
в) не се согласувам

1.3. Вонннаставни активности Анкетен прашалник за учениците

I. Училиштето планира и реализира разновидни воннаставни активности според потребите иинтересите на учениците.

а) Да
б) Не
в) Делумно

II. Најголемиот број ученици се вклучени барем во една воннаставна активност за поддршкана личниот и социјален развој,без оглед на нивниот пол,етничка и социјална припадност.

а) Да
б) Не
в) Делумно

III. Учениците се вклучуваат во воннаставни активности по сопствен избор.а) Да

б) Не
в) Делумно

IV. Учениците имаат клучна улога во изготвувањето на програмите за работа навоннаставните активности.

а) Да
б) Не
в) Делумно

V. Учениците со поддршка од училиштето и наставниците учествуваат во различни манифестации и се трудат да постигнат високи успеси на натпревари од различни области што се организираат на локално,национално или на меѓународно ниво.

а) Да
б) Не
в) Делумно

VI. Се користат средства (училиштен весник, веб страна, социлајни мрежи, разглас, ученичко катче, медиуми, пригодни манифестации и сл.) за афирмирање на воннаставни активности и продуктите од нив.

а) Да
б) Не
в) Делумно

VII. Наставниците имаат современ приод во реализацијата и совладувањето на наставнитепланови и програми.

а) Да
б) Не
в) Делумно

**АНКЕТЕН ПРАШАЛНИК ЗА УЧЕНИЦИ**

Овој анкетен прашалник го реализираме во рамките на спроведувањето на самоевалвацијата на нашето училиште во подрачјето НАСТАВНИ ПЛАНОВИ И ПРОГРАМИ- Реализација на наставните планови и програми. Преку вашите искрени одговори ќе јадобиеме реалната слика до каде сме во однос на оваа тема, кои ни се слаби страни и каде во иднина треба да се подобриме. Прашалникот е анонимен. Ве молиме внимателно прочитајте ги прашањата, а потоа одговорете ги со заокружување на буквата пред одговорот кој мислите дека е точен.
Ви благодариме на одвоеното време за пополнување на прашалникот.

**1.** Дали наставниците ве информираат за наставните предмети и нивните цели што ќе гиреализирате во текот на учебната година?

а)да
б)не

**2.** Дали со наставниците реализирате активности со еколошки содржини?

а)да
б)не

**3.** Сметате ли дека после одржувањето на часовите со еко содржина вие повеќе се грижитеза околината и природата?

а) да, сега повеќе се грижам за природата и околината
б) не, не се грижам за околината и природата

**4.** Дали наставниците им даваат поинакви активности на децата со посебни потреби ( акоима такви во вашата паралелка)?

а) да
б) не

**5.** Училиштето нуди повеќе од 2 изборни предмети кои можете да ги изберете.

а) се согласувам
б) не се согласувам

**6.** Училиштето нуди проширени програми кои одговараат на моите интереси и потреби:разни приредби, манифестации, посети на различни институции и сл.

а) се согласувам

б)не се согласувам

## АНКЕТЕН ПРАШАЛНИК ЗА НАСТАВНИЦИ

Почитувани наставници,

Овој анкетен прашалник го реализираме во рамките на спроведувањето на самоевалвацијата на нашето училиште во подрачјето НАСТАВНИ ПЛАНОВИ И ПРОГРАМИ-Реализација на наставните планови и програми. Преку вашите искрени одговори ќе јадобиеме реалната слика до каде сме во однос на оваа тема, кои ни се слаби страни и каде во иднина треба да се подобриме. Ве молиме внимателно прочитајте ги прашањата, а потоа одговорете ги со заокружување на буквата пред одговорот кој мислите дека е точен.

Ви благодариме на одвоеното време за пополнување на прашалникот.Работно искуство (работен стаж):____

**1.** Наставните планови и програми се во согласност со донесените програмски документи од МОН.

а) се согласувам
б) делумно се согласувам
в) не се согласувам

**2.** Дали учениците ги информирате за целите на наставните програми што ќе гиреализирате во текот на учебната година?

а)да
б)не

**3.** Дали родителите на Вашите ученици се информирани за целите на наставните програмишто се реализираат?

а)да
б)не

**4.** Дали во Вашите програми се интегрирани еколошки теми?

а)да
б)не

**5.** Примената на еко стандардите придонесува за реализирање и продлабочување наеколошката свест кај учениците.

а) се согласувам
б) делумно се согласувам
в) не се согласувам

**6.** Во колкава мера сметате дека се постигнуваат целите за меѓуетничка интеграција прекусодржините на наставните програми што ги применувате?

а)многу
б)доволно
в)малку

**7.** Постапката за избор на наставни предмети се применува во целост, со доследнопочитување на потребите и барањата на учениците.

а) се согласувам
б) делумно се согласувам
в) не се согласувам

**8.** Колку предмети за избор се нудат на учениците?

а) 3 предмети за избор
б) помалку од 3 предмети за избор
в) повеќе од 3 предмети за избор

**На следниве прашања одговараат наставници кои имаат дете со посебни образовни потреби во паралелката.**

**9.** Дали изработувате ИОП за работа со учениците со посебни образовни потреби?

а)да
б)не

**10.** Ги вклучувате ли родителите на децата со посебни образовни потреби во изработкатана ИОП?

а)да
б)не

**11.** Со кого го изработувате ИОП?

а)сам/а
б)со стручна служба
в)со некој од колегите

**12.** Дали во проектните активности што ги реализирате се вклучени и ученици со посебнипотреби?

а)да

б)не

Изработил:

Николова Василка

Димова Марија

Ристовска Лилјана

Димчев Венцо

Јордановска Ивана

***1.4Планирања на наставниците***

| Ниво на евалуација | Добро |
|---|---|

| Бр. | Индикатори за квалитет | Теми |
|---|---|---|
| 1.4. | Планирања на наставниците | • Поддршка и следење на планирањата на наставниците |
| | | • Индивидуални планирања на наставниците |
| | | • Размена на искуства и информации при планирањето |
| | | • Распоред на часови |

| Извори на податоци | Податоци |
|---|---|
| • Годишни, тематски и дневни планирања,<br>• Интерна процедура за следење на планирањата на наставниците,<br>• Разговор/ интервјуа со директор, стручна служба, наставници,<br>• Записници од состаноци на стручни активи, наставнички совети,<br>• Инструмент за следење и вреднување на планирањето и | За успешна реализација на воспитно – образовниот процес неопходни се квалитетни планирања од страна на сите наставници како и нивно имплементиеаење во процесот на наставата. Планирањата ги содржат потребните компоненти.<br>Наставниците во одделенска настава годишните и тематските планирања ги изработуваат тимски. Предметните наставници ги изработуваат во рамките на својот предмет. Наставниците |

| | |
|---|---|
| подготовката на наставниот час, изведбата на наставен час, водењето и текот на часот, воспоставувањето на клима во паралелката, оценувањето на напредокот на учениците,<br>• Увид на час<br>• Програма за работа на директор/ стручна служба,<br>• Програма за работа и извештаи на ученичката заедница,<br>• Увид во ученички досиеја,<br>• Увид во евиденцијата на стручната служба,<br>• Програма за работа на училиштето,<br>• Правилник за оценување и напредување на учениците,<br>• Стандарди за оценување,<br>• Увид во педагошката евиденција и документација,<br>• Инструменти за оценување (тестови на знаења, листа за проверка, бодовни листи),<br>• Примери од оценети ученички трудови,<br>• Интерни акти/кодекси на училиштето,<br>• Електронски дневник<br>• Анкетни прашалници/ интервјуа со наставници, ученици | соработуваат во доволна мера во делот на меѓупредметна корелација и од истородни предмети.<br>Дневните оперативни планови ги содржат потребните елементи (предмет, наставна тема, наставана содржина, тип на час, цели, исходи, наставни форми и методи, дидактички средства и помагала, учечко – поучувачки активности во трите дела на часот, оценување на учениците, рефлексија на одржаниот час). Дневните оперативни планови во одделенска настава по математика и притодни науки се конструираат по малку поинаков образец, по програмата КЕМБРИЏ.<br>Планирањата се даваат на увид кај стручната служба каде се прегледуваат и се корегираат евентуалните недостатоци. При посета на часови од страна на директорот и стручната служба се врши увид во дневниот оперативен план. Во планирањата се предвидени иупотреба на ИКТ технологија, упoтеба на наставни техники, еко содржини, програма за додатна и дополнителна настава, слободни ученички активности и за родителски средби.<br>Распоредот на часови го прават наставници водејќи сметка за потребите, загревањето, еланот за работа и уморот на учениците.<br>Наставниците на почетокот на учебната година идентификуваат содржина кои одговараат на целите на Еко проектот и прават интегрирана програма која ја реализираат во текот на годината. На наставниците почетници им се назначува менотор кој ги воведува во реализацијата на воспитно – образовниот прооцес. |

### *1.5 Наставен процес*

| **Ниво на евалуација** | **Добро** |
|---|---|

| **Бр.** | **Индикатори за квалитет** | **Теми** |
|---|---|---|
| 1.5. | Наставен процес | • Наставни форми и методи |
| | | • Избор на задачи, активности и ресурси |
| | | • Интеракција меѓу наставниците и учениците |
| | | • Приод на наставникот кон учениците |

| | | |
|---|---|---|
| | | • Следење на наставниот процес |

| Извори на податоци | Податоци |
|---|---|
| • Годишни, тематски и дневни планирања,<br>• Интерна процедура за следење на планирањата на наставниците,<br>• Разговор/ интервјуа со директор, стручна служба, наставници,<br>• Записници од состаноци на стручни активи, наставнички совети,<br>• Инструмент за следење и вреднување на планирањето и подготовката на наставниот час, изведбата на наставен час, водењето и текот на часот, воспоставувањето на клима во паралелката, оценувањето на напредокот на учениците,<br>• Увид на час<br>• Програма за работа на директор/ стручна служба,<br>• Програма за работа и извештаи на ученичката заедница,<br>• Увид во ученички досиеја,<br>• Увид во евиденцијата на стручната служба,<br>• Програма за работа на училиштето,<br>• Правилник за оценување и напредување на учениците,<br>• Стандарди за оценување,<br>• Увид во педагошката евиденција и документација,<br>• Инструменти за оценување (тестови на знаења, листа за проверка, бодовни листи),<br>• Примери од оценети ученички трудови,<br>• Интерни акти/кодекси на училиштето,<br>• Електронски дневник<br>• Анкетни прашалници/ интервјуа со наставници, ученици | Најголем број од наставниците користат различни методи и форми за работа со цел подобрување на квалитетот на наставата и усвојувањето на учениците според нивните можности и стилови на учење. Од формите за работа најчесто се користат фронтална, групна форма, тандем, а од наставните методи монолошка, дијалошка, текст, дискусија, демонстрација, експеримент. Често и успешно се користат наставни техники како призма, бура на идеи, Венов дијаграм, скелетен приказ, табела ЗСУ, мисловна мапа и др.<br>Најголем дел од наставниците во односот со учениците промовираат заемно почитување, помош, соработка и разбирање и не прават разлика меѓу учениците според нивниот пол, социјално потекло, етничка и религиска припадност. Сепак, мора да истакнеме дека изборот на задачите и активностите не секогаш се со различно ниво на сложеност и не секогаш се прилагодени на индивидуалните образовни потреби на учениците.<br>Наставниците ги споделуваат со учениците целите за реализација на еколошки проекти и точките на акција. Заеднички се подготвуваат кампањи, велосипедски трки, собирни акции, работилници и др. активности. Се прави анализа на животната средина, план на активности според анализата на животната средина и др. Во активностите се вклужуваат сите ученици без разлика на пол и етничка припадност.<br>Училиштето има пишана интерна процедура за следење на наставниот процес според која директорот и стручната служба најмалку два пати годишно ги следат планирањата, а еднаш во полугодие одат на посета на час.<br>ИКТ се користи во наставата според пропишаните одредби од законот за основно образование. Најголем дел од наставниците се обучени за употреба на ИКТ и примена на нови образовни технологии во наставата. Користењето на ИКТ е вметнато во тематските и посебни планирања на наставниците. |

## *1.6 Искуства на учениците од учењето*

| Ниво на евалуација | Добро |
|---|---|

| Бр. | Индикатори за квалитет | Теми |
|---|---|---|
| 1.6. | Искуства на учениците од учењето | • Средина на учење |
| | | • Атмосфера за учење |
| | | • Поттикнување на учениците за преземање одговорност |
| | | • Интеракција на учениците меѓу себе и со возрасните во училиштето |

| Извори на податоци | Податоци |
|---|---|
| • Годишни, тематски и дневни планирања,<br>• Интерна процедура за следење на планирањата на наставниците,<br>• Разговор/ интервјуа со директор, стручна служба, наставници,<br>• Записници од состаноци на стручни активи, наставнички совети,<br>• Инструмент за следење и вреднување на планирањето и подготовката на наставниот час, изведбата на наставен час, водењето и текот на часот, воспоставувањето на клима во паралелката, оценувањето на напредокот на учениците,<br>• Увид на час<br>• Програма за работа на директор/ стручна служба,<br>• Програма за работа и извештаи на ученичката заедница,<br>• Увид во ученички досиеја,<br>• Увид во евиденцијата на стручната служба,<br>• Програма за работа на училиштето,<br>• Правилник за оценување и напредување на учениците,<br>• Стандарди за оценување,<br>• Увид во педагошката евиденција и документација,<br>• Инструменти за оценување (тестови на знаења, листа за проверка, бодовни листи),<br>• Примери од оценети ученички трудови,<br>• Интерни акти/кодекси на училиштето, | Учениците ги доживуваат училниците и другите простории во училиштето како стимулирачка и мотивирачка средина. Трудовите на учениците редовно се истакнуваат на одредени места во училницата и се поврзани со наставните содржини. Учениците се задоволни од работната атмосфера, начинот на предавање на наставниците, применетите форми и методи на наставниците. Јакнење на воспитната компонента за поголема одговорност и критичко мислење кај учениците се постигнува преку овозможување јавно да го искажат своето мислење и ставови.<br>Наставниците се трудат максимално да ги вклучат сите ученици во планираните активности.<br>Учениците имаат можности да го искажат своето мислење при донесување одлуки или решавање одредени проблеми. Преку претставниците во Училишната заедница учениците имаат можност да го искажат своето мислење и да предложат идеи во врска со наставните и воннаставните активности.<br>Образовните потреби на учениците се идентификуваат за време на наставата преку следење на активноста на учениците за време на часот и анализа на постигнатиот успех, резултати од писмени проверки, работни листови, учество во слободни ученички активности, дополнителна настава, избор на изборни предмети, учество на натпревари, вклученост во разни проектни активности и слободни ученички активности и им се дава можност на учениците да се развива личната одговорност, размислувањето, самодовербата, самостојноста, самооценувањето и др. |

| | |
|---|---|
| • Електронски дневник<br>• Анкетни прашалници/ интервјуа со наставници, ученици | |

### *1.7 Задоволување на потребите на учениците*

| **Ниво на евалуација** | **Добро** |
|---|---|

| **Бр.** | **Индикатори за квалитет** | **Теми** |
|---|---|---|
| 1.7. | Задоволување на потребите на учениците | • Идентификување на образовните потреби на учениците |
| | | • Почитување на различните потреби на учениците во наставата |

| **Извори на податоци** | **Податоци** |
|---|---|
| • Годишни, тематски и дневни планирања,<br>• Интерна процедура за следење на планирањата на наставниците,<br>• Разговор/ интервјуа со директор, стручна служба, наставници,<br>• Записници од состаноци на стручни активи, наставнички совети,<br>• Инструмент за следење и вреднување на планирањето и подготовката на наставниот час, изведбата на наставен час, водењето и текот на часот, воспоставувањето на клима во паралелката, оценувањето на напредокот на учениците,<br>• Увид на час<br>• Програма за работа на директор/ стручна служба,<br>• Програма за работа и извештаи на ученичката заедница,<br>• Увид во ученички досиеја,<br>• Увид во евиденцијата на стручната служба,<br>• Програма за работа на училиштето,<br>• Правилник за оценување и напредување на учениците,<br>• Стандарди за оценување,<br>• Увид во педагошката евиденција и документација,<br>• Инструменти за оценување (тестови на знаења, листа за проверка, бодовни листи),<br>• Примери од оценети ученички трудови,<br>• Интерни акти/кодекси на училиштето, | Наставниот кадар и стручната служба во училштето ги идентификуваат образовните потреби на учениците и преземаат активности за нивно остварување.<br>Имено, за задоволување на потребите на учениците со посебни потреби, во училиштето беше одржана интерна обука од стручната служба на која наставниците беа запознати со видовите пречки во развој, начинот на кој се организира наставата спрема видот на попреченост, изработка на индивидуален образовен план. Сепак отпорот кај родителите да ги однесат своите деца на категоризација е голем.<br>Со учениците кои напредуваат побавно се реализира дополнителна настава со цел да се отстранат недостатоците и пречките во процесот на учење.<br>Во процесот на поучување наставниците користат разни интерактивни техники на учење и поучување. |

| | |
|---|---|
| • Електронски дневник<br>• Анкетни прашалници/ интервјуа со наставници, ученици | |

Одговорни наставници
Дејана Пантазиева
Елеонора Арсевска
Мирјана Василева

## 1.8 Оценувањето како дел од наставата

| Ниво на евалуација | Многу добро |
|---|---|

| Бр | Индикатори за квалитет | Теми |
|---|---|---|
| 1.8 | Оценувањето како дел од наставата | • Училишна политика за оценување |
| | | • Методи и форми за оценување |
| | | • Користење на информации од оценувањето |

| Извори на податоци | Податоци |
|---|---|
| • Годишни,тематски и дневни планирања.<br>• Интерна процедура за следење на планирањата на наставниците.<br>• Разговор/интервјуа со директор,стручна служба ,наставници.<br>• Записници од состаноци на стручни активи ,наставнички совет.<br>• Имструмент за следење и вреднување на планирањето и подготовка на наставниот час,изведба на наставен час,водењето и текот на часот,воспоставување на клима во паралелката,оценување на напредокот на учениците.<br>• Увид на час.<br>• Програма за работа на директор ,стручна служба.<br>• Програма за работа и извештај на ученичката заедница.<br>• Увид во ученички досиеја.<br>• Увид во евиденција на стручната служба.<br>• Програма за работа на училиштето. | -Училиштето има дефинирана политика за оценување во која основна цел е да го поддржи учењето на секој ученик. Во училиштето целосно се применуваат законските прописи кои го регулираат оценувањето на учениците. Учениците и родителите се запознати со стандардите и кодексот на оценување. Сите наставниците користат најразлични инструменти, стратегии и методи за оценување ( формативно и сумативно) при што континуирано се следи напредокот и успехот на учениците.<br>Напредокот на учениците се следи преку формативно оценување со тоа што од прво до шесто одделение деветгодишно образование се оценува описно, односно од прво до трето на секој квалификационен период, а од четврто до шесто на крајот од прво, второто и трето тримесечие. Учениците од седмо до девето одделение се оценуваат бројчано на крајот на првото полугодие и на крај на учебната година преку усмени |

| | |
|---|---|
| • Увид во педагошка документација и евиденција.<br>• Инструменти за оценување ( тестови на знаења, листа за проверка, бодовни листи).<br>• Примери од оценети ученички трудови.<br>• Електронски дневник.<br>• Анкетни прашалници со родители.<br>• Правилник за оценување и напредување на учениците. | одговори, контролни и писмени работи. При користењето на овие форми на оценување се почитуваат индивидуалните разлики и способности на учениците.<br><br>Напредокот на учениците е следен и од стручните соработници на училиштето кои соработуваат со наставниците и помагаат во изготвувањето на објективните тестови на знаења. Наставниците континуирано го следат и оценуваат напредокот на учениците преку различни методи и инструменти. Учениците се вклучени во оценувањето (преку самооценување, меѓусебно оценување).<br>Наставниците континуирано дискутираат со учениците за нивниот напредок и постигањата во наставата.Тие целосно ги искористуваат информациите добиени од оценувањето за да ги планираат и евалуираат идните активности во планирањето. |

| Јаки страни : | Слаби страни : |
|---|---|
| • При изготвување на планирањата по наставните предмети наставниците ги вметнуваат инструментите и методите на оценување.<br>• При оценувањето во училиштето целосно се применуваат законските прописи кои го регулираат оценувањето на учениците.<br>• Сите наставниците користат најразлични инструменти, стратегии и методи за оценување ( формативно и сумативно) при што континуирано се следи напредокот и успехот на учениците.<br>• Кај учениците се применуваат техники на самооценување што овозможува кај истите да се развива способност за самопроценување на стекнатите знаења .<br>• Родителите се запознаени со методите и техниките на оценување на нивните деца.<br>• Родителите навремено се информирани за напредокот и успехот на нивните деца преку електронскиот дневник,родителски средби, разговор со класните раководители и предметните наставници кои предаваат. | • Понекогаш се наидува на проблем во воспоставување на контакт со родители , посебно на ученици од ромската популација и покрај сите заложби од страна на наставникот и стручната служба( телефонско јавување, писмена покана, домашна посета и др.) |

# Анкета за родители
# Подрачје:Оценувањето како дел од наставата

Анкетата е спроведена за да се добие јасна слика за степенот на информираност на родителите за успехот на нивните деца во текот на учебната година.

Анкетата се состои од 5 прашања и по нејзиното спроведување се добиени следниве резултати:

1.Дали користењето на електроскиот дневник ви овозможува редовно следење на оценувањето на вашето дете?

- Да - 17
- Не - 6




2. Дали СМС пораките од електронскиот дневник кои ги добивате на вашите мобилни телефони ви овозможуваат редовно следење на оценувањето на вашето дете?

- Да - 17
- Не - 6




3. Дали добивате редовно известување за постигањата и оценувањето на вашето дете од страна на класниот раководител на крајот од секое тромесечие?

- Да - 22
- Не - 1




4. Како најчесто се информирате за напредокот и оценувањето на вашето дете?

- За време на родителски средби. 10
- Преку телефонски разговор со класен раководител. 7
- Преку оценети тестови и изработки на вашето дете. 4
- Преку разговор со предметен наставник. 2




5. Дали сте запознаени со начините на оценување кои се користат од страна на наставниците во текот на учебната година?

- Да - 21
- Не - 2




### *1.9 Севкупна грижа за учениците*

| Ниво на евалуација | Многу добро |
|---|---|

| Бр. | Индикатори за квалитет | Теми |
|---|---|---|
| 1.9. | Севкупна грижа за учениците | • Училишна политика за оценување |
| | | • Методи и форми за оценување |
| | | • Користење на информациите од оценувањето во наставата |

| Извори на податоци | Податоци |
|---|---|
| • Програма за работа на директор, стручна служба,<br>• Записници од индивидуални разговори со ученици и родители,<br>• Увид во предагошка евиденција (работа на проекти),<br>• Увид во просторните капацитети<br>• Податоци за организирана исхрана на учениците,<br>• Податоци од организирани трибини и предавања<br>• Евиденција и известување на училиштето за ученици со емоционални, физички и социјални проблеми,<br>• Досие на ученик,<br>• Годишна програма за работата на училиштето,<br>• Куќен ред,<br>• Записници од органи во училиштето,<br>• Записници од надлежни органи за контрола на хигиената и здравјето на децата, | *Училиштето ги применува позитивните законски и подзаконски прописи што го регулираат оценувањето на учениците. Наставниците при оценувањето се придржуваат кон стандардите за оценување и критериумите изработени врз основа на истите.<br>На почетокот од наставната година сите наставници предаваат изготвени критериуми за оценување според кои се водат во текот на целата учебна година. Со критериумите на оценување се запознати и учениците како и родителите.<br>Во училиштето има изработен Кодекс на оценување.<br>Наставниците најчесто ги користат следните инструменти, средства и постапки за следење и оценување на учениците:<br>• разговор-дијалог наставник-ученик,<br>• разговор-дијалог ученик-ученик,<br>• прашања, |

| | |
|---|---|
| • Извештаи и анализи<br>• Разговор/ интервјуа со стручна служба, наставници, ученици, родители<br>• Дневни подготовки на наставниците<br>• Правилник за регулирање на изостаноците и поведението на учениците | • набљудување,<br>• анализа на практичната работа,<br>• слушање и бележење искази,<br>• чек листа,<br>• самооценување,<br>• тест,<br>• усна и писмена повратна информација<br>• меѓусебно оценување,<br>• дискусија и др.<br><br>Од инструменти најчесто се користат:<br>• бодовни скали,<br>• листи за проверка,<br>• тестови на знаење и др.<br><br>**Училиштето води евиденција за напредокот на учениците во совладувањето на новите знаења. Во текот на годината наставниците ги вреднуваат постигнатите резултати на ученикот преку оценување во четири класификациони периоди (преку континуирано оценување – формативно во текот на целата учебна година, микросумативно на крајот на вториот период-прво полугодие и сумативно на крајот на учебната година), присутност (редовно евидентирање на присутноста со оправдани и неоправдани изостаноци), нивното поведение (примерно , добро и незадоволително) и евиденција на изречени воспитни мерки. Отсуствата секојдневно се евидентираат и навремено се изрекуваат педагошки мерки во согласност со Правилникот за регулирање на поведението и изостаноците.<br>***Ваквата евиденција им е достапна на сите наставници, родители и ученици. Следењето на напредокот на учениците е евидентирано во одделенскиот и електронскиот дневник. Во електронскиот дневник беа ажурирани податоците на родителите за да бидат во можност да добиваат навремени известувања за напредокот на учениците. Родителите редовно најмалку 4 пати годишно се известуваат за напредокот на учениците на родителски средби или |

| | |
|---|---|
| | на индивидуални средби – на отворениот ден на одделенскиот наставник или истите можат да ги проверат во електронскиот дневник. Напредокот на учениците се бележи и во евидентни листови за секое тромесечие. На крај на годината учениците добиваат свидетелство за постигнатиот успех. Одделенските наставници на крајот на секое тромесечие поднесуваат извештај за успехот на секој ученик, целото одделение и успех на учениците по предмети, слаби оценки по ученик и слаби оценки по предмети. Наставниците подготвуваат редовни извештаи и анализи по квартали за својата паралелка врз основа на индивидуалните евиденции за учениците. Изготвените извештаи и анализи по паралелки се доставуваат до стручната служба, каде што се изготвуваат тримесечни, полугодишни и годишни извештаи. Учениците кои постигнуваат забележителни резултати и освојуваат награди на државни натпревари се наградуваат со диплома и пригодна награда од училиштето. |

### *1.10 Здравје*

| **Ниво на евалуација** | **Многу добро** |
|---|---|

| **Бр.** | **Индикатори за квалитет** | **Теми** |
|---|---|---|
| 1.10. | Здравје | • Хигиена и заштита од болести |
| | | • Грижа за учениците со здравствени проблеми |

| **Извори на податоци** | **Податоци** |
|---|---|
| • Програма за работа на директор, стручна служба,<br>• Записници од индивидуални разговори со ученици и родители,<br>• Увид во предагошка евиденција (работа на проекти),<br>• Увид во просторните капацитети<br>• Податоци за организирана исхрана на учениците,<br>• Податоци од организирани трибини и предавања<br>• Евиденција и известување на училиштето за ученици со | *Училишниот простор е безбеден за изведување на настава. Инфраструктурата во училиштето (мебелот, скалите, подовите, кровот, прозорите, струјните места, дворот, итн.) се безбедни и не претставуваат потенцијална опасност од повреди на учениците. Дворот во училиштето е исто така безбеден и нема потенционално опасни места во него. Во училиштето постои документ „План за заштита и спасување“ со кој се пропишани правилата за постапување во случај на елементарни непогоди и пожар. Наставниците не се обучени за употреба на ПП апарати од стручни |

| | |
|---|---|
| емоционални, физички и социјални проблеми,<br>• Досие на ученик,<br>• Годишна програма за работата на училиштето,<br>• Куќен ред,<br>• Записници од органи во училиштето,<br>• Записници од надлежни органи за контрола на хигиената и здравјето на децата,<br>• Извештаи и анализи<br>• Разговор/ интервјуа со стручна служба, наставници, ученици, родители<br>• Анкети кај родители<br>• Анкети кај ученици | лица. Еднаш годишно се изведува симулација за постапување при елементарни непогоди (пожар). Во училиштето постои тим од обучени наставници за прва помош при повреда на ученик. Хидрантните бази и ПП апарати редовно се сервисираат и проверуваат. Училиштето има акционен план за спречување и реагирање против насилство. Континуирано во текот на учебната година се идентификуваат учениците со насилно однесување, навремено се изрекуват педагошки мерки, се реализираат анкети и едукативни работилници за превенција од насилство, развивање на социјални вештини преку едукативни работилници за разрешување конфликти од страна на стручна служба и работилници во рамките на програмата Образование за животни вештини, предавања од родители – експерти, дежурни наставници.<br>Училиштето има пишана процедура за безбедност и превенција од насилство.<br>Училиштето има пишан документ Правилник за регулирање на дисциплината и поведението кј учениците. Насилството се санкционира спрема истоимениот Правилник. Во случај на семејно насилство училиштето постапува во согласност со Протоколот за постапување во случај на семејно насилство, а притоа се води грижа за приватноста и чувствата на ученикот.<br>Училиштето има политика за забрана за пушење, конзумирање алкохол и дистрибуција и конзумирање наркотични супстанци, која подразбира дека во училиштето (училниците, канцелариите, тоалетите) не се пуши, не се доаѓа во алкохолизирана состојба и не се консумира алкохол и не се дистрибуираат и користат наркотични супстанци. Учениците редовно се информираат за штетните последици по нивното здравје од употреба на алкохол, наркотични супстанци и пушење од страна на училишниот психолог и педагог преку едукативни работилници и индивидуална работа со учениците. На часот на одделенскиот раководител се реализираат работилници во рамките на програмата Образование за животни вештини на оваа тема:<br>*Здраво живеење: Превенција од пушење и пиење алкохол: Заштита од пушење-презентација ИКТ<br>*Работилница:Превенција од зависности<br>*Алкохолот и неговото штетно влијание на нас и нашиот организам |

| | |
|---|---|
| | *Природни науки: Содржина: Безбедна употреба на лековите<br>Храната која учениците ја купуваат од сендвичарите во близина на училиштето не се испраќа за проверка во соодветни институции заради недостаток на финансиски средства. За здравата храна се зборува на работилници од предметот Образование за животни вештини:<br>*ЈАС И ЗДРАВЈЕТО : ЗДРАВО ЖИВЕЕЊЕ Стекнување навики за здрава исхрана: Жежок компир<br>За здравата храна се зборува и на состаноците на Училишна заедница, а во рамките на Еко проектот беше организиран и штанд „Здрава храна за детство без мана“ во соработка со родителите и учениците. Стоматолог одржа предавање за контрола на внес на шеќери за зачувување на забите.<br>* Контролен преглед на забите на учениците во здравствениот дом се прави континуирано.<br>Хигиената во училиштето е на високо ниво. Тоалетите за наставниците и учениците се чисти и дезинфицирани. Училиштето се грижи учениците правилно да ги користат тоалетите и да ја одржуваат личната хигиена. Ходниците и скалите се чистат најмалку 2 пати во денот, подот и мебелот во училниците се чистат 2 пати во денот почетокот на секоја смена и на крајот на денот. Останатиот училишен простор се чисти еднаш во денот. Прозорците, вратите и другиот инвентар се чисти на секој 26ти во месецот и обавезно на секој распуст. На почетокот на секоја учебна година санитарен инспектор ја проверува хигиената во училиштето и дава дозвола за непречено одвивање на наставата. Дворот на училиштето е чист од секаков вид отпадоци и зелените површини редовно се одржуваат. Во текот на учебната година се реализираат еколошки и работни акции за чистење на училишниот двор, садење цвеќиња, собирање пластични шишиња и хартија. Согласно стандардите и протоколите за заштита на учениците и вработените од Ковид 19 во училиштето беа применувани сите заштитни мерки пропишани од Министерството за Здравство, Комисијата за заразни болести и СЗО. Учениците одеа на настава со физичко присуство од 1 до 3 одделение и тоа прва смена во периодот од 7.30 до 11ч и беа задолжени да носат заштитни маски додека престојуваат во училиштето, пред влезот се вршеше дезинфекција на чевлите, |

| | |
|---|---|
| | мерење на температура на секое лице пред да влезе во училиштето и миење на рацете со средство за дезинфекција. Истите се поставени на влезот од училиштето, во тоалетите, во училиниците, канцалариите и другите простории во училиштето. Подовите и клупите во училиштето беа исто така дезифекцирани по повеќе пати во текот на денот и просториите се проветруваа. Не беше дозволено групирање во просториите и сите активности поврзани со наставата и педагошката евиденција се вршеа по претходно извршен распоред.<br>Од спроведените анкети кај родителите и учениците се добиени следните резултати:<br>На прашањето Дали во училиштето има насилсво, тепање, вознемирување и злоставување на учениците од вкупно 21 родители 14 одговориле дека нема, 5 одговориле со не знам, само 2 родители одговориле со да.<br>Исто така одговориле и за насилството врз учениците во училишниот двор. Додека на истото прашање 10 ученици одговориле со не, 1 ученик со да и 5 со не знам.<br>На прашањето дали има дрога и алкохол во училиштето 13 родители одговориле со не, а 6 со не знам. Исто така и кај учениците преовладува истото мислење.<br>На прашањето дали училиштето и училишниот двор се добро обезбедени 13 родители одговориле со да, а 7 со не знам.На прашањето дали учениците и вработените се чувствуваат безбедно во училиштето 15 од родителите одговориле со да, додека на прашањето дали за време на наставата и одморите постои ред и дисциплина 17 од родителите одговориле со да, 2 со недоволно и 2 со не. И кај учениците за ова прашање одговорите се 14 до да од вкупно 16 испитаници.<br>На прашањето дали учениците добиваат поддршка од стручната служба кога се појавува проблем 13 од родителите одговориле со да, 3 со не и 5 со не знам.<br>На прашањето дали учениците стекнуваат вештини поврзани со нивниот социјален и личен развој 18 од родителите одговориле со да, 1 со не и 2 со не знам.<br>Во споредба на анализите од анкетните листови може да се забележи дека одговорите кај родителите и учениците за истите |

| | |
|---|---|
| | прашања се поистоветуваат.<br>**Во училиштето не постојат посебни услови за децата со пречки во развој. Но, одговорните наставници и стручната служба континуирано работат на прифаќањето на тие деца од страна на останатите како и пружање помош од секаков вид. Карактеристиките на нивната состојба не бараат посебни услови, пр. лифт, посебна патека и сл. Просторот во ходниците и во училниците од приземјето на училиштето овозможува нивно движење, а задниот влез на училиштето е прилагоден за користење од страна на лица со пречки во движењето. Стручната служба реализираше обука за подршка на наставниците за работа со деца со потешкотии во развојот. Во нашето училиште нема логопед ниту дефектолог кој работи со децата со потешкотии во развојот на говорот. Во училиштето има образовен асистент кој работи и му помага на ученикот со пречки во развојот додека трае наставата<br>Училиштето има пропишана процедура за учениците од социјално загрозени семејства. Во текот на учебната година беа организирани<br>* Хуманитарна акција за донирање училишен прибор за социјално загрозени семејства од нашето училиште во рамки на Детската недела<br>* Хуманитарен новогодишен и божиќен базар<br>* Собирање парични средства во хуманитарни цели за медицинско лекување на ученик во странство, организирано од училиштето, вработените и учениците од нашето училиште.<br>Дел од средствата беа искористени како помош на семејство кое настрадало од елементарна непогода, бесплатни екскурзи и др. За оценување на социјалните потреби се водат разговори со учениците, училиштето соработува со родителите, локалната заедница и со други релевантни институции (на пример, Центар за социјална работа, хуманитарни организации и деловна заедница).<br>Училиштето ги спроведува точките на акција кои се однесуваат на здравјето согласно воспоставените еко стандарди. |

## *1.11 Советодавна помош за понатамошно образование на учениците*

| **Ниво на евалуација** | **Многу добро** |
|---|---|

| **Бр.** | **Индикатори за квалитет** | **Теми** |
|---|---|---|
| 1.11. | Советодавна помош за понатамошно образование на учениците | • Пружање помош при изборот на занимање/понатамошно образование |
| | | • Грижа за учениците со емоционални проблеми |

| **Извори на податоци** | **Податоци** |
|---|---|
| • Програма за работа на директор, стручна служба,<br>• Записници од индивидуални разговори со ученици и родители,<br>• Увид во предагошка евиденција (работа на проекти),<br>• Увид во просторните капацитети<br>• Податоци за организирана исхрана на учениците,<br>• Податоци од организирани трибини и предавања<br>• Евиденција и известување на училиштето за ученици со емоционални, физички и социјални проблеми,<br>• Досие на ученик,<br>• Годишна програма за работата на училиштето,<br>• Куќен ред,<br>• Записници од органи во училиштето,<br>• Записници од надлежни органи за контрола на хигиената и здравјето на децата,<br>• Извештаи и анализи<br>• Разговор/ интервјуа со стручна служба, наставници, ученици, родители | *Училиштето обезбедува јасни, точни и навремени информации за можностите за понатамошно образование на учениците од завршното одделение. Голем број средни стручни училишта одржаа презентации за условите и квалитетот на работа во нивните училишта и поделија промотивни материјали. Истите се правеа онлајн , но и со физичко присуство. Учениците се информираат и учат за изборот на идното занимање. Потесно се запознаваат со работните активности за секој вид занимање, сложеноста на работата и работните задачи на одделни занимања, класификација на занимањата според сложеноста на групите и видот на работата, се со цел полесно да ги дефинираат своите интереси и да направат правилен избор.<br>**Училиштето работи на навремено откривање и грижа за ученици со емоционални проблеми, без оглед на изворот (на пр, семејно насилство, семејна негрижа, развод на родителите, болест во семејството, постконфликтни трауми). Стручната служба е обучена да им помогне на учениците и/или родителите во вакви ситуации или да ги упати до релевантни институции. Училиштето соработува со релевантните институции, како што се: здравствени установи, Центар за социјална работа, Полиција и др. |

| **ЈАКИ СТРАНИ:** | **СЛАБИ СТРАНИ:** |
|---|---|
| - Во рамките на стручните активи наставниците дискутираат за актуелни и тековни програми и проектни активности и разменуваат искуства и идеи.<br>- Во планирањата редовно се интегрираат содржини со примена на ИКТ во наставта, Еко стандарди и МИО | - Понекогаш се наидува на проблем во воспоставувањето на контакт со родители посебно на ученици од ромската популација и покрај сите заложби од страна на наставникот и стручните соработници (телефонско јавување, писмена покана, домашна посета и др. форми).. |

| | |
|---|---|
| активности.<br>- Во планирањата се вметнати и оценувањето и самооценувањето како и домашните задачи.<br>- Изборот на изборен предмет кој ќе се изучува во некое од одделенијата се извршува по пат на анкета пополнета од родител на секој ученик.<br>- Наставниците работат тимски и разменуваат искуства со други стручни активи, како и со активи од други училишта.<br>- Училиштето планира и реализира разновидни вонннаставни активности што ги одразуваат потребите и интересите на учениците.<br>- Училиштето соработува со невладини организации и локалната средина.<br>- Дневните подготовки наставниците ги прават секојдневно и тие ги содржат сите неопходни елементи за успешна организација и реализација на часот.<br>- Следењето на квалитетот на планирањата го вршат стручните соработници и директорот на училиштето, два пати во текот на едно полугодие, а потоа се вршат консултации со секој наставник, со цел да се подобри планирањето.<br>- Распоредот на часови го изготвува наставник од училиштето, во консултации со стручните соработници и наставниците. Притоа се води сметка за искористеност на просторните капацитети, изедначување на бројот на часови меѓу паралелките заради застапеноста на изборните предмети во редовната настава.<br>- Наставниците користат разновидни форми и методи на работа кои се соодветни на потребите на учениците и нивните стилови на учење.<br>- Користат добро испланирани методи за да работат со учениците индивидуално, во помали групи, во пар или со цела паралелка.<br>- Во училиштето владее и се негува позитивна атмосфера, отворена комуникација и конструктивно решавање на проблемите.<br>- Стручнитесоработници реализираат стручно- | - Наставниците не се обучени за употреба на ПП апарати од стручно лице.<br>- За учениците во училиштето исхраната не е организирана<br>- Постои потреба од стручно лице дефектолог или логопед<br>- Постои потреба од прилагодување на санитарни чворови и пристапна рампа за лица со посебни потреби |

| | |
|---|---|
| консултативни средби со наставниците, советодавна работа со учениците, соработка и советодавна работа со родители и индивидуални разговори со родителни на деца со потешкотии во прилагодувањето, социјализацијата, учењето, дисциплината, редовноста и совладувањето на наставната програма.<br>- Учениците се анимираат за активно вклучување во училишниот живот, преку активностите на одделенските заедници и преку работата на Ученичката заедница.<br>- Училиштето поседува куќен ред кој е истакнат во ходниците на училиштето и кодекс на однесување за учениците и наставниците и со него се запознаени сите структури во училиштето и родителите.<br>- Раководителите на паралелките го применуваат Правилникот за изрекување педагошки мерки<br>- Наставниот кадар и стручните соработници ги препознаваат образовните потреби на учениците, а пречките во процесот на учење на секој ученик се идентификуваат систематски.<br>- При увид на поголем број ученички досиеја, може да се увиди дека наставниците, оценувањето го вршат преку разни форми и методи и ги применуваат стандардите за оценување.<br>- Учениците разговараат на одделенски час за оценувањето и нивните постигања, како и тоа дека самите се вклучени во самооценувањето.<br>- Во текот на учебната година редовно се одржуваат систематски, стоматолошки прегледи и вакцинирање на учениците.<br>- Учениците се осигурани преку осигурителна компанија во случај на повреда.<br>- **Дворот на училиштето е чист од секаков вид отпадоци и сите земјени површини се позеленети и редовно се наводнуваат и одржуваат.**<br>- **Редовно се врши ситематски и санитарен преглед на вработените во училиштето.**<br>- Училиштето планира и реализира програма за | |

| | |
|---|---|
| професионална ориентација на учениците од IX одделение.<br>- Стручната служба им помага на учениците или родителите (во ситуации на семејно насилство, семејна негрижа, развод, болест во семејството, постконфликтни ситуации) и да ги упати на релевантни институции. | |

| | |
|---|---|
| **СЛАБИ СТРАНИ** | • Дел од наставниците посетуваат разни семинари и обуки за осовременување на наставните програми. Понекогаш се наидува на проблем во воспоставувањето на контакт со родители посебно на ученици од ромската популација и покрај сите заложби од страна на наставникот и стручните соработници (телефонско јавување, писмена покана, домашна посета и др. форми)..<br>• Наставниците не се обучени за употреба на ПП апарати од стручно лице.<br>• За учениците во училиштето исхраната не е организирана<br>• Постои потреба од стручно лице дефектолог или логопед<br>• Постои потреба од прилагодување на санитарни чворови и пристапна рампа за лица со посебни потреби |
| **МОЖНОСТИ** | • Поддршка и вклученост на родителите (посебно на ученици од ромската популација) во соработката со училиштето<br>• Предавање и советување на учениците од пониските одделенија за одржување на хигиената добро опремените училници со компјутери и два ЛЦД проектори може да се користат како капацитет за дополнителни активности (курсеви, обуки)<br>• малата сензибилизирана средина е подготвена да му помогне на училиштето во различни активности<br>• разбирање и поддршка од Локалната власт и НВО<br>• убаво средени училници и остручен кадар за работа кој допринесува за зголемување на бројот на ученици |
| **ЗАКАНИ** | • недоволна стручна поддршка од медицински лица за превенирање на пороци и одржување на здравјето на учениците<br>• надостаток на финансиски средства<br>• Мала соработка со родителите на учениците со слаб успех и недисциплинирано однесување |

| | |
|---|---|
| **ИДНИ АКТИВНОСТИ** | • Подобрување на соработката со родителите на учениците со слаб успех<br>• Изнаоѓање средства и начини за опремување на училиштето со соодветни наставни помагала и наставни средства според современите наставни програми<br>• Перманетно стурчно усовршување на наставниот кадар.<br>• Поголема соработка меѓу наставниците при изработка на годишните планирања<br>• Примена на формативен и сумативен начин на оценување на учениците.<br>• Охрабрување на учениците за понатамошно развивање на еко-свест<br>• Обука на наставниците за ракување со пп апарати<br>• Обезбедена исхрана на учениците во училиштето |

**Област2:**

**Постигањето на учениците**

| **Ниво на евалуација** | **Добро** |
|---|---|

| **Бр.** | **Индикатори за квалитет** | **Теми** |
|---|---|---|
| 2.1 | Постигање на учениците | • Следење на постигнувањата на учениците од различен пол, етничка припадност по наставните предмети и по квалифакциони периоди |
| | | • Подобрување на постигнувањата на учениците од различен пол, етничка припадност |
| | | • Идентификација на учениците со тешкотии во учењето, на надарените ученици и учениците со посебни образовни потреби |
| | | • Подобрување на постигнувањата на учениците преку редовната и дополнителната/додатната настава |
| | | • Следење на постигнувањата на учениците при премин од еден во друг циклус и од едно во друго ниво на образование |
| 2.2 | Задржување/ осипување на учениците | • Опфат на учениците |
| | | • Редовност во наставата |
| | | • Осипување на учениците |
| | | • Премин на учениците од едно во друго училиште |
| 2.3 | Повторување на учениците | • Учениците што не ја завршуваат годината обем и разновидност на планираните и реализираните вонаставни активности |
| 2.4. | Следење на напредокот на учениците | • Водење на евиденција за индивидуален напредок на учениците |
| | | • Анализа на напредокот на учениците по паралелки |

***2.1 Постигањето на учениците***

| **Ниво на евалуација** | **Добро** |
|---|---|

| **Бр.** | **Индикатори за квалитет** | **Теми** |
|---|---|---|
| 2.1. | Постигање на учениците | • Следење на постигнувањата на учениците од различен пол, етничка припадност по наставните предмети и по |

| | | |
|---|---|---|
| | | квалификациони периоди |
| | | • Подобрување на постигнувањата на учениците од различен пол, етничка припадност |
| | | • Идентификација на учениците со тешкотии во учењето, на надарените ученици и учениците со посебни образовни потреби |
| | | • Подобрување на постигнувањата на учениците преку редовната и дополнителната/додатната настава |
| | | • Следење на постигнувањата на учениците при премин од еден во друг циклус и од едно во друго ниво на образование |

| Извори на податоци | Податоци |
|---|---|
| • Анализа на успехот за изминатите 3 години,<br>• Извештаи и записници од Стручни органи на училиштето, Совет на родители, Училишен одбор,<br>• План и програма за дополнителна и додатна настава,<br>• Извештаи од стручна служба,<br>• Досиеја на ученици,<br>• Споредбени прегледи од резултати од оценувањето (меѓународни, национални, градски, општински, училишни натпревари),<br>• Список на деца од реонот на училиштето што треба да се опфатат во прво одделение (од надлежните служби од Единиците на локалната самоуправа),<br>• Анализа на опфатот, осипувањето и изостанувањето од наставата,<br>• Увид во педагошката евиденција и документација,<br>• Известување на училиштето до надлежните органи (МОН и ДПИ),<br>• Записници од средби со родители,<br>• Евиденција на заминати и новодојдени ученици (предводници),<br>• Анализа на напредокот на учениците по паралелки,<br>• Анектни прашалници/ интервјуа со стручна служба, наставници, ученици, родители<br>• Пофалници и дипломи за учениците; | Училиштето во континуитет ги следи постигањата на учениците по сите наставни предмети. Наставниците применуваат формативно и сумативно оценување на постигањата на учениците, при што ги почитуваат критериумите и стандардите за оценување дадени од страна на Бирото за развој на образованието. Покрај тоа и самите наставници имаат изработено свои критериуми за оценување што ги применуваат во<br>наставата. Оваа година постигањата беа следени комбинирано, поради новонастанатата ситуација со Ковид 19. Поголем дел од тестирањата на учениците што посетуваа он-лајн настава се одвиваше он-лајн, а помал дел се одвиваа со физичко присуство, најчесто завршните оценувања во второ полугодие.<br>Учениците од I до III одделение се оценуваат со описни оценки, учениците од IV до VI одд. се оценуваат комбинирано (описно и бројчано), а учениците од VII до IX одд. се оценуваат со бројчани оценки. Училиштето располага со детални податоци за постигања на учениците по сите наставни предмети за сите квартални периоди во текот на целата учебна година. На крајот од првото тримесечие, третото тримесечие и првото полугодие, педагошко – психолошката служба прави анализи на постигнатиот успех и поведението на учениците, во кои се вршат споредби со претходните учебни години е се предлагаат мерки со подобрување на состојбата. Се следи општиот успех на учениците во однос на полот и етничката припадност. |

- Извештаи од реализирани натпревари;
- Соопштенија за пофалени ученици и ученици кои
- освоиле награди и признанија;
- Наоди и мислења од здравствени установи за ученици со посебни образовни потреби;

Секој од одделенските раководители и раководители на паралелки по секој завршен квартал од учебната година прават анализа на успехот и изготвуваат извештаи за постигањата на учениците по предмети, изостаноци и поведение на ниво на паралелка. Тие извештаи се користат за изготвување на квартални извештаи во кои се прави анализа на успехот и поведението на учениците на ниво на целото училиште. Анализата го содржи просечниот успех на учениците по наставни предмети и одделение, слаби оцени по наставни предмети, број на ученици со една, две, три и повеќе слаби, споредба на успехот по пол и изостаноци по пол и етничка припадност. Од анализите може да се види дека просечниот успех на учениците на првото тромесеие е најнизок, а највисок на крајот на учебната година.

Девојчињата имаат повисоки постигања по сите наставни предмети, а истовремено и бројот на оправдани и неоправдани изостаноци е помал во споредба со момчињата.

Централно училиште

| Учебна година | Општ успех |
|---|---|
| 2018 / 19 | 4 |
| 2019 / 20 | 3,9 |
| 2020 / 21 | 4,07 |

Подрачно училиште-Горобинци

| Учебна година | Општ успех |
|---|---|
| 2018 / 19 | 4,13 |
| 2019 / 20 | 3,9 |
| 2020 / 21 | 4,1 |

Врз основа на повеќегодишни анализи и согледувања се дојде до сознание дека постигањата на сите ученици можат да се подобрат со ефективна дополнителна и додатна настава, примена на наставни методи и форми кои соодветствуваат на интересите и способностите на учениците, континуирана соработка и подршка за учениците од педогошко-психолошката служба и редовна комуникација и соработка со родителите.

На самиот почеток на учебната година наставниците изготвуваат

| | |
|---|---|
| | распоред за дополнителна и додатна настава кој е истакнат на видно место за запознавање на учениците, родителите и останатите наставници. Секој наставник изработува програма за дополнителна и додатна настава кои се реализираат во текот на годината. Во текот на целата учебна година училиштето реализира дополнителна настава со учениците кои имаат пониски постигања и додатна настава за учениците кои покажуваат интерес и значителни резултати во определени области.<br>Од увидот во училишните дневници констатирано е дека дополнителна настава се одржува со учениците кои се соочуваат со повремени тешкотии во учењето, побавно напредуваат или заостануваат во усвојувањето на содржините и другите задачи од еден или повеќе наставни предмети.<br>Додатната настава сите наставници ја реализираат според планот и програма со ученици кои во текот на редовната настава успешно ги совладуваат предвидените наставни содржини и пројавуваат интерес и желба за зголемување, продлабочување и проширување на знаењата по одделни наставни предмети.<br>Идентификацијата на ученици со потешкотии во учењето се изведува во соработка со раководителот на паралелката и предметните наставници, во соработка со ученикот и со подршка од родителот. Со учениците со потешкотии во развојот се работи индивидуализирана настава спрема индивидуален оперативен план. Индивидуалниот план се изработува врз основа на видот на попреченост, педагошкиот профил на ученикот, разговорите со родителот, стручната служба и останатите наставници. Од оваа учебна година преку проектот ОКО ( Општинско корисна работа – ОКО сервис 6 ) во нашето училиште работат двајца образовни асистенти со ученици со потешкотии во учењето, со по еден ученик од трето и шесто одделение. Во петто одделение со ученикот Никола Лазаров, работи образовниот асистент Елена Гелевски, а во осмо одделение со ученикот Михаил Димитриевски работи образовниот асистент Ивана Смилкова.<br>Училиштето има повратна информација за тоа каде нашите ученици го продолжиле средното образование, но само од СОУ „Кочо Рацин“ Свети Николе добиваме повратна информација за |

| | |
|---|---|
| | успехот на нашите ученици на крајот на прва година. Според податоците, успехот на учениците во завршното одделение во нашето училиште во однос на прва година во средно образование, најголем е бројот на учениците кои го задржале успехот, а помал е бројот на учениците кои го намалиле и зголемиле успехот.<br>Вертикално движење на ученици (акцелерација) во нашето училиште досега немало. Хоризинталното движење се практикува по изречена педагошка мерка или по барање на родител со претходно разгледување на нејзината оправданост на Совет на предметни наставници и Наставнички совет. |

***2.2 Задржување/осипување на учениците***

| Ниво на евалуација | Добро |
|---|---|

| Бр. | Индикатори за квалитет | Теми |
|---|---|---|
| 2.2. | Задржување/ осипување на учениците | • Опфат на учениците |
| | | • Редовност во наставата |
| | | • Осипување на учениците |
| | | • Премин на учениците од едно во друго училиште |

| Извори на податоци | Податоци |
|---|---|
| • Извештаи и записници од Стручни органи на училиштето, Совет на родители, Училишен одбор,<br>• Извештаи од стручна служба,<br>• Список на деца од реонот на училиштето што треба да се опфатат во прво одделение (од надлежните служби од Единиците на локалната самоуправа),<br>• Анализа на опфатот, осипувањето и изостанувањето од наставата,<br>• Увид во педагошката евиденција и документација, | Нашето училиште секоја година во месец април распишува оглас за прием на првачиња за наредната учебна година. Огласот е истакнат на видно место и се емитува на локалната телевизија со пригодна презентација и на веб страната на нашето училиште. До родителите на првачињата се испраќаат покани со информации околу огласот и потребните документи за упис. Во текот на целиот месец мај во нашето училиште се запишуваат ученици за прво одделение. Бројот на ученици од реонот на училиштето што треба да се опфатат во прво одделение (од надлежните служби од Единиците на локалната самоуправа) е за учебната 2021/2022 за централното училиште е 63, а се |

| | |
|---|---|
| • Известување на училиштето до надлежните органи (МОН и ДПИ),<br>• Евиденција на заминати и новодојдени ученици (предводници),<br>• Процедура за запишување ученици во прво одделение;<br>• Извештаи за запишани ученици во прво одделение;<br>• Дневници на паралелките;<br>• Податоци и извештаи од стручната служба;<br>• Процедура за грижа за учениците кои подолго време отсуствувале од настава заради проблеми со здравјето, хронични заболувања, тешки повреди и телесни пречки;<br>• Закон за основно образование;<br>• Документација од реализрани советувања со родители;<br>• Правилник за начинот на изрекување на педагошките мерки;<br>• Процедура за запишување новодојдени ученици и испишување ученици;<br>• Преведници, ученички легитимации и главни книги;<br>• Записници од Наставнички совет и Одделенски совети;<br>• Полугодишни и годишни извештаи за работа на училиштето | запишани 45, од кои 4 ученици се дојдени од реонот на училиштето Кирил и Методиј. Во подрачните училишта за учебната 2021/2022 година се запишани вкупно 7 ученика во прво одделение. Голем дел од учениците од нашиот реон се запишуваат според списокот што го добиваме од МВР и одделението за вакцинации при Здравниот дом. За време на уписот и по неговото завршување собираме податоци за учениците кои не дошле на упис од одредени причини (се иселиле во странство, бракоразвод на родителите, се преселиле во другиот реон и др.) и тој број изнесува 16 ученик. Големиот број на незапишани учениците според списокот се должи на преселување во странство- најголем број и помал број поради преселување во реонот на другото училиште.<br>Средните училишта на почетокот на учебната година ни доставуваат податоци за тоа колку од нашите ученици го продолжуваат средното образование кај нив. Учениците од нашето училиште кои не се запишале во средно образование се пријавуваат до државниот просветен инспектор.<br>Во текот на целата учебна година се води континуирана грижа за редовноста на учениците. Се прави анализа на причините за отсуствата од наставата (оправдани/неоправдани) според возраст, пол и етничка припадност и се преземаат активности за поголема редовност на учениците. Во учебната 2019/20 просекот на оправдани изостаноци по ученик беше 20,77 , а неоправдани изостаноци 5,8, додека за учебната 2020/21 просекот по ученик за оправадани изостаноци изнесува 7,05, а неоправдани изостаноци има по 3,35 по ученик. Анализата е правена со цел да се види од кои причини се прават најмногу неоправдани изостаноци: задоцнување на првиот час, на третиот час, бегање од час и др. Родителите благовремено се информирани за изостаноците на нивните деца и се реализираат советувања за родителите чии деца имаа повеќе од 10 неоправдани и 100 оправдани изостаноци. На учениците кои направиле определен број неоправдани изостаноци им се изрекуваат педагошки мерки според Правилникот за регулирање на дисциплината и поведението.<br>Последните години има појава на осипување на ученици кои |

| | |
|---|---|
| | заминуваат да живеат во странство. Во учебната 2019/20 год. 16 ученици се отпишаа од нашето училиште, а 5 ученика се придојдени. Во учебната 2020/21 година заради заминување во странство и преселување се отпишаа 7 ученици, а 9 се придојдени.<br>При премин на учениците од едно во друго училиште најпрво се бара согласност од училиштето во кое ученикот ќе премине дека има место да го прифати. Потоа одделенскиот/раководителот на паралелката пополнува преведница која ги содржи податоците за ученикот и неговиот успех и евидентен лист. Податоците се запишуваат во главната книга каде ученикот е отпишува. |

### *2.3 Повторување на учениците*

| **Ниво на евалуација** | **Добро** |
|---|---|

| **Бр.** | **Индикатори за квалитет** | **Теми** |
|---|---|---|
| 2.3. | Повторување на учениците | • Учениците што не ја завршуваат годината |

| **Извори на податоци** | **Податоци** |
|---|---|
| • Извештаи и записници од Стручни органи на училиштето, Совет на родители, Училишен одбор,<br>• Извештаи од стручна служба,<br>• Анализа на успехот за изминатите 3 години,<br>• Досиеја на ученици,<br>• Анализа на напредокот на учениците по паралелки<br>• Записници од Наставнички совет и Одделенски совети;<br>• Закон за основно образование;<br>• Правилник за начинот на изрекување на педагошките мерки; | Училиштето врши анализа и води евиденција за повторување на учениците на крајот на секоја учебна година и врши споредбени анализи.<br>Во учебната 2019/20 ниеден ученик не ја повторубаше годината, а во учебната 2020/21 ученичката Мелани Николова ја повторува годината.<br>За учениците кои во текот на настават покажуваат незадоволителни резултати наставникот организира дополнителна настава и индивидуални средби со родителите на тие ученици, со цел да се постигнат задоволителни резултати. Исто така се реализираат советувања за родителите на овие ученици. Во месец јуни учениците кои имаат една или две слаби се упатуваат на дополнителна настава и поправен испит. Во учебната 2019/20 година сите ученици од одделенска настава преминаа во наредното одделение, а во учебната 2020/21 година исто така сите ученици од одделенска настава преминаа во |

| | |
|---|---|
| | наредното одделение.<br>Училиштето ги запазува законските регулативи за информирање на родителите за напредокот на нивното дете, како и со правото во рок од три дена од родителската средба за соопштување на успехот да поднесат жалба за постигнатиот успех и за повторување на учебната година. |

### *2.4 Следење на напредокот на учениците*

| Ниво на евалуација | Добро |
|---|---|

| Бр. | Индикатори за квалитет | Теми |
|---|---|---|
| 2.4. | Следење на напредокот на учениците | • Водење на евиденција за индивидуален напредок на учениците |
| | | • Анализа на напредокот на учениците по паралелки |

| Извори на податоци | Податоци |
|---|---|
| • Извештаи и записници од Стручни органи на училиштето, Совет на родители, Училишен одбор,<br>• Анализа на успехот за изминатите 3 години,<br>• План и програма за дополнителна и додатна настава,<br>• Извештаи од стручна служба,<br>• Досиеја на ученици,<br>• Споредбени прегледи од резултати од оценувањето (меѓународни, национални, градски, општински, училишни натпревари),<br>• Анализа на опфатот, осипувањето и изостанувањето од наставата,<br>• Увид во педагошката евиденција и документација,<br>• Записници од средби со родители,<br>• Анализа на напредокот на учениците по паралелки,<br>• Анектни прашалници/ интервјуа со стручна служба, | Секој наставник го следи напредокот на учениците и води евиденција за нивниот индивидуален напредок. Наставниците водат целосна и уредна евиденција за постигањата, редовноста и поведението на секој ученик во дневник на паралелка. Отсуствата секојдневно се евидентираат и навремено се изрекуваат педагошки мерки на учениците со голем број неоправдани изостаноци во согласност со Правилникот за регулирање на поведението и изостаноците. Евиденцијата за постигањата на учениците им е достапна на сите наставници, учениците се запознаваат на часот на раководителот на паралелката, родителите редовно и навремено се запознаваат со постигањата и поведението на ученикот на секоја родителска средба, а по потреба и на индивидуални средби.<br>Во текот на годината наставниците ги вреднуваат постигнатите резултати на ученикот преку оценување во четири класификациони периоди ( прво тримесечие, полугодие, трето тримесечие и крај на учебна година). Наставниците подготвуваат редовни извештаи и анализи по квартали за својата паралелка |

| | |
|---|---|
| наставници, ученици, родители<br>• Споредбени прегледи од резултати од оценувањето<br>• Правилник за видови пофалби, награди и педагошки мерки за учениците и начинот на нивна примена;<br>• Пофалници и дипломи за учениците;<br>• Извештаи од реализирани натпревари;<br>• Соопштенија за пофалени ученици и ученици кои освоиле награди и признанија | врз основа на индивидуалните евиденции за учениците. Изготвените извештаи и анализи по паралелки се доставуваат до стручната служба, каде што се изготвуваат тримесечни, полугодишни и годишни извештаи. |

| Извори на податоци-анкети | Кои информации се собрани |
|---|---|
| • Анкета со Директорот<br>• Записници од Наставнички совет<br>• Записници од Совет на родители<br>• Записници од дневници за работа<br>• Анкета со наставници, ученици и родители<br>• Статут на училиштето<br>• Еколошка програма<br>• Годишен извештај на училиштето<br>• Годишна програма на стручна служба<br>• Дневник на паралелка<br>• Брошури<br>• Училишен весник<br>• Фотографии и снимки од медиумски активности | *„Училиштето обезбедува релевантни, стимулативни, иновативни искуства и практика за учење, еднаков пристап за сите по патот на мултикултурното општество.“*<br>**<u>Визија на училиштето</u>**<br>*„Се стремиме нашето училиште да биде средина во која сите ќе бидат мотивирани за постигнување на високи воспитно-образовни резулати и ќе биде пример како се движи по патот кон мултикултурното општество“.*<br>Визијата транспарентно е поставена во училиштето. Во реализација на целите училиштето ги мобилизира сите релевантни субјекти (кадар, наставници, ученици, локална самоуправа и др.).<br>Училиштето има политика и правилници во врска со обврските на сите субјекти (наставници, родители, ученици), дисциплината и дисциплинските мерки, поведениeто како и за насилничкото однесување. За политиката и работата на Училиштето се информирани сите заинтересирани субјекти преку соопштенија на огласна табла, на наставнички совети, родителските средби на состаноците на Училишниот одбор, на часот на одд. раководител и раководителот на паралелката.<br>Целите на училиштето се во согласност со целите за реализиација на Планот за активности од еколошката програма со која се запознати членовите на Еко одборот и сите вработени<br><br>Секоја година во согласно со политиката на работење се изготвува Годишна програма за работа, а на крајот од годината и Извештај за извршената работа. Во реализацијата на работата во текот на годината вклучени се : раководниот кадар, наставниците, учениците како и родителите преку советот на родители и родителските средби.<br>Училишната политика се планира преку Развојниот план на Училишето кој се донесува на секоја четврта година. Во изготвување на Развојниот план учествува директорот на училиштето, работниот тим за изработка на Развојниот план. Планот се усвојува од Наставничкиот совет и Училишен одбор.<br>Секоја година во соработка со Здравствениот дом „Д-р Гаврило Гаврилски“ од Свети Николе се реализираат активности за заштита на учениците и вработените преку редовни систематски прегледи и вакцини. Во текот на учебната година се реализираат работилници против злоупотреба на алкохол, цигари и опојни droги, работилници од обласата на менталното и репродуктивното здравје.<br>Реализирана е соработка и со МВР Свети Николе. Одржани се предавања за безбедноста во сообраќајот и трговија со луѓе.<br>Соработката со Црвениот Крст на Р.Македонија се остварува преку едукативни предавања од волонтерите на Црвениот крст. |

| | |
|---|---|
| | Соработката со средни училишта од општината и пошироко се користи за правилно насочување на учениците при изборот на идното занимање.<br><br>Училиштето практикува промовирање на образовните политики преку најразлични форми: прикачување документи на веб страната на училиштето, фејсбук страната на училиштетоиздавање на брошури, истакнување на постери, презентации, учество во образовни и други емисии на електронски медиуми и слично. Целите и образовните политики се аргументирани со соодветни документи. |

### *4.3 Развојно планирање*

| ***Ниво на евалуација*** | ***добро*** |
|---|---|

| ***Бр.*** | ***Индикатори за квалитет*** | ***Теми*** |
|---|---|---|
| 4.3. | Цели и креирање на училишна политика | • Цели на развојното планирање |
| | | • Професионален развој/ стручно усовршување на кадарот |
| | | • Материјално-технички средства |
| | | • Инфраструктура |

| ***Извори на податоци*** | ***Податоци*** |
|---|---|
| • Програма за работа на директор,<br>• Програма за професионален развој на директорот,<br>• Записници од наставнички совет,<br>• Совет на родители,<br>• Училишен одбор<br>• Интерни акти,<br>• Пописни листи,<br>• Финансиски план на училиштето,<br>• Увид во опремата,<br>• Увид во инфраструктурата<br>• Апликации на училиштето за обезбедување сретства од локалната самоуправа<br>• Интервјуа со директор, стручна служба, Училишен одбор, наставници<br>•<br>Годишна програма за работа на училиштето<br>• | Развојното планирање е фундамент во определбата на целите и задачите на Годишната програма за работа на училиштето.<br><br>Училиштето има изготвено развоен план кој е заверен под архивски број 0102-449 на 27.08.2019 година и<br>* Целите во развојниот план се прецизни, јасни и ги отсликуваат мисијата и визијата на училиштето. Развојниот план е изготвен од тим од 5 наставници<br>Во развојниот план се застапени три стратешки цели кои се однесуваат на:<br>1.Подобрување на квалитетот на наставата<br>2.Професионално усовршување на наставниците<br>3.Подобрување на инфраструктурата на училиштето.<br><br>Динамиката на остварувањето на развојниот план ја следат директорот, Училишниот одбор и координаторите на училишните тимови според планови за следење и евалуација.<br>Согласно Законот за основно образование се врши периодично планирање |

| | |
|---|---|
| • План за евалуација<br>• Анкети со ученици<br>• Анкета со директор<br>• Анкета со родители<br>• Анкета со наставници<br>• Финансов план на училиштето<br>• Годишен план за јавни набавки<br>• Сертификати за посетени обуки | врз основа на резултатите од самоевалуацијата. Податоците се релевантен показател и преку нивна систематизација и проценка се врши одредување на приоритетите. Собирањето на податоците се врши преку систематизирање на емпириски показатели, но и субјективни мислења искажани преку анкетни прашалници, конципирани според структурата на проблематиката. Целиот воспитно-образовен кадар во училиштето учествува на сите обуки за професионално напредување што се организирани од МОН, БРО и од други организации.<br><br>Стручната служба организира интерни обуки за стручно усовршување на наставниците, во зависност од утврдената состојба од набљудуваните часови, како и од потребите и желбите на наставниците.<br><br>Училиштето ги идентификува потребите за професионален развој и има изготвено програма. Директорот одредува тим кој ќе ја посети обуката и ќе изврши дисеминација на истата. Училиштето обезбедува финансиски средства за обуки, а доколку вработените сакаат дополнително да се едуцираат во некои подрачја понекогаш сами си ги финансираат обуките.<br>Целта на училиштето е да се вклучи во сите проекти и да планира и реализира сопствени проекти кои се значајни за училиштето, а се реализираат со тимска работа. Ваквиот начин на работење треба да придонесе кон развивање на самостојноста на наставникот и на ученикот и да ја поттикне нивната креативност.<br><br>Училиштето располага со неопходната опрема за изведување настава.<br>Планирано е да се набават нови нагледни средства за подобрување на квалитетот на наставата согласно новата наставна програма за прво одделение и четврто одделение со отпочнување со имплементација во учебна 2021/2022година .<br>Од инфрастуктура се планира да се направи целосна замена на електричната инсталација, плафон на првиот кат и подот. Поставување пристапна патека за влез во училиштето за лица со посебни потреби и и прилагодување на тоалет за истите лица. Поставување на парно греење во подрачното училиште во с.Горобинци.<br>Училиштето навремено ги идентификува потребите од материјално-технички средства и континуирано ги планира и обезбедува во зависност од финансиските средства. Училиштето обезбедува средства за одржување на наставните средства.<br>Училиштето ќе продолжи да вложува во осовременување на наставата и збогатување со нагледни наставни средства и помагала.<br>Училиштето континуирано го ревидира планот за подобрување и |

| | |
|---|---|
| | осовременување на инфраструктурата. Училиштето има воспоставено соработка со Локалната самоуправа и заедницата во однос на подобрување на инфраструктурата.<br><br>За овие две години се направени следниве инфраструктурни промени:<br>-целосна санација на санитарните чворови за ученици, на дватаката<br>- целосна замена на подот на вториот кат со под од епоксидна смола<br>-целосна реконструкција со замена на електрична инсталација, плафон и кабинетска опрема во дел од училниците на вториот кат (со исклучок на кабинетот по информатика и некои канцеларии)<br>-целосно оградување на училишниот двор<br>-уредување на пристапните патеки на двата влеза<br>-поставена е пвц врата кон подрумските простории и санација од катот кон подрумот до влезната врата на приземје<br>- целосно оградување на училишниот двор и партерно уредување во село Горобинци |

### *4.4 Сместување и просторни капацитети*

| ***Ниво на евалуација*** | ***добро*** |
|---|---|

| ***Бр.*** | ***Индикатори за квалитет*** | ***Теми*** |
|---|---|---|
| 4.4. | Сместување и просторни капацитети | • Просторни услови, хигиена и одржување |
| | | • Искористеност на просторните капацитети |

| ***Извори на податоци*** | ***Податоци*** |
|---|---|
| • Годишна програма за работа на училиштето,<br>• План за развој на училиштето,<br>• Записници од просветна и санитарна инспекција,<br>• Распоред на часови,<br>• Полугодишен и годишен извештај на училиштето,<br>• Записници од стручни активи<br>• Интервјуа со наставници, Директор<br>• Непосреден увид<br>• Записници од санитарна инспекција<br>•<br>Имотни листови | Училиштето располага со три училишни згради во кои се одвива наставата- централно и две подрачни во село Горобинци и село Црнилиште. Училиштето има доволно опремени простории за изведување на едносменска настава во подрачните и двосменска настава во централното училиште (прва смена само предметна, а втора смена само одделенска)<br><br>Училиштето има соодветни училници, заеднички простории и санитарни простории кои што овозможуваат услови за одвивање на наставата според Нормативот.<br>Вкупна површина на училиштето изнесува 1789 $m^2$. Дворно место 9771$m^{2.}$<br>Во подрачното училиште во с.Црнилиште со двор 7286 $m^2$.<br>Во подрачното училиште во с.Горобинци со двор 536$m^2$. |

| | |
|---|---|
| | Училиштето е со добра хигиена во училишниот простор и презема ефикасни мерки за одржување на состојбата. По секој извршен увид од страна на Просветната и Санитарната инспекција постојат записници.<br>* Училиштето има изготвено јасен план и распоред за максимална употреба на расположливите капацитети за изведување на наставата со што ги задоволува потребите на учениците. За квалитетно изведување на наставата, постоечките простории се користат оптимално од сите субјекти во наставниот процес. Предметната настава се изведува само во прва смена. Одделенската настава се изведува во втора смена, со исклучок на две паралелки од прво одделение кои изведуваат настава само во прва смена. Во учебната 2020/2021 година поради КОРОНА пандемијата од КОВИД19 учениците од прво, второ и трето одделение одеа со физичко приство во прва смена, учениците од четврто и петто одделение одеа прва смена со онлајн настава на платвормата Microsoft Teams, а учениците од шесто до деветo одделение следеа онлајн настава на платвормата Microsoft Teams само втора смена.<br>Санитарната инфраструктура ги задоволува потребите на училиштето. |

### *4.5 Наставни сретства и помагала*

| ***Ниво на евалуација*** | ***добро*** |
|---|---|

| ***Бр.*** | ***Индикатори за квалитет*** | ***Теми*** |
|---|---|---|
| 4.5. | Наставни средства и помагала | • Опременост со стручна литература и наставни средства и помагала |
| | | • Училишна библиотека |
| | | • Потрошен материјал |

| ***Извори на податоци*** | ***Податоци*** |
|---|---|
| • Увид во документацијата за набавка на стручна литература и наставни помагала,<br>• Увид во документацијата за планирани и набавени потрошни материјали,<br>• Разговор со библиотекар, домаќин<br>• Непосреден увид во документацијата на училиштето за набавување на стручна литература и наставни помагала<br>• Пописна листа | Раководниот орган континуирано има увид и сознанија за неопходноста на наставвни средства и помагала, и врши постојана набавка на наставни помагала и збогатување на библиотечниот фонд.<br>Училиштето набави нови 20 масички и 20 столчиња за првачињата.<br>Училиштето располага со: 85 исправни персонални компјутери, 147 исправни лаптопи за учениците од одделенска настава, 5 принтери, 2 графоскопи, 4 ЛЦД проектори, 5 телевизори, 1 фотоапарат, 2 интерактивни табли, 4 училишни лаптопи, 4 нови персонални компјутери. Библиотеката |

| | |
|---|---|
| • Разговор со наставниците, стручната служба и директорот<br>• Увид во библиотечната евиденција<br>• Разговор со библиотекар<br>• Разговор со ученици и анкетни листи<br>• Разговор со наставници и анкетни листи<br>• Разговор со технички персонал<br>• Увид во документацијата за планирани и набавени потрошни материјали<br>• Самоевалуација на училиштето и план за развој на училиштето.<br>• Разговор со наставниците и непосреден увид во документацијата на училиштето и интерните акти<br>• Полугодишен и годишен извештај, годишна програма | располага со фонд на книги 10980 од кои 3500 се лектирни изданија и 24 таблет компјутери. Најопремени со наставни средства се специјализираните училници по математика, физика, хемија, биологија. Недостасуваат фискултурни справи во централното и подрачното училиште. Набавени се нови нагледни средства по математика и природни науки, според програмата Кембриџ.<br>Континуирано се набавува потрошен материјал. |

### *4.6 Финансиско работење на училиштето*

| ***Ниво на евалуација*** | ***добро*** |
|---|---|

| ***Бр.*** | ***Индикатори за квалитет*** | ***Теми*** |
|---|---|---|
| 4.6. | Финансиско работење на училиштето | • Постапки со кои се обезбедува почитување на законската регулатива за финансиско работење |
| | | • Транспарентност во планирањето и трошењето на училишниот буџет |

| ***Извори на податоци*** | ***Податоци*** |
|---|---|
| • Увид во финансов план, развоен план и Годишна програма за работа на училиштето,<br>• Записници и одлуки на Училишен одбор,<br>• Склучени договори, тендери за јавни набавки и понуди,<br>• Записници од ревизија на УЈП,<br>• Интервју со директор,<br>• Училишен одбор,<br>• Совет на родители | Пред почетокот на секоја година раководниот орган донесува финансов план за работата на училиштето, планот се разгледува и усвојува од УО а потоа се праќа на рзгледување до Совет на Општина. Исто така по донесувањето на финансовиот план се изработува План за јавни набавки кој се разгледува од членовите на УО.<br>Целиот буџет се користи наменски и за креативни цели кои се насочени кон подобрување на квалитетот на наставата, учењето и развојот на училиштето во целина.<br>Училиштето навремено ги информира органите и телата во училиштето за училишниот буџет и трошењето.<br>Планирањето и трошењето во ООУ„Гоце Делчев“ е транспарентно, се изработуваат извештаи, а завршната сметка ја разгледуваат на Совет на Општина Свети Николе. |

| *Извори на податоци-анкети и интервју* | *Кои информации се собрани-анализа* |
|---|---|
| ***Анкета за вработени*** | Со анкетата се опфатени 21 вработен.<br><br>-На прашањето: Дали сметате дека директорката се раководи од визијата и мисијата на училиштето? Вработените одговориле 70% позитивно, а 30 % делумно се сложиле со ова тврдење.<br><br>-На прашањето: Дали сте информирани кога се носат важни одлуки и промени во училиштето? 68% од вработените одговориле позитивно, 7% негативно, а 25 % одговориле дека делумно се информирани.<br><br>-На прашањето: Дали имате учество во донесување на значајни одлуки? 54% од вработените одговориле позитивно, 17% негативно, а 29 % одговориле дека делумно имаат учество во донесување на значајни одлуки.<br><br>-На прашањето: Дали правично и еднакво сте третирани од страна на директорот? 70% од вработените одговориле позитивно, 10% негативно, а 20% делумно се сложиле со ова тврдење<br><br>-На прашањето: Се согласувате ли со став дека директорот е целосно посветен кон раководење и напредокот на училиштето. Вработените 79% одговориле позитивно, а 21 %делумно се сложиле со ова тврдење.<br><br>-На прашањето: Сте запознаени ли со Буџетот на училиштето? 75% од вработените одговориле позитивно, 10% негативно, а 15 % одговориле дека делумно се запознаени со Буџетот на училиштето.<br><br>-На прашањето: Постои ли отвореност и соработка на Вашето училиште со пошироката заедница? 75% од вработените одговориле позитивно, а 25% одговориле со делумно.<br><br>-На прашањето: Дали ја подржувате и се залагате за политиката на Вашето училиште? 79% од вработените одговориле позитивно, 3% негативно, а 18 % делумно се сложиле со ова тврдење.<br><br>-На прашањето: Што најмалку Ви се допаѓа во училиштето? Вработените одговориле дека тоа е :*Соработката теѓу вработените, салата за вежбање, тоа што компјутер мора да носиш од дома, подобрување на тимската работа, и зголемување на соработка со родителите односно преголемото влијание на родителите во некои моменти* |
| ***Анкета за ученици*** | Со анкетата се опфатени 31 ученик.<br>-На прашањето: Ве почитуваат ли наставниците? 94% од учениците одговориле позитивно, а 6 % делумно се сложиле. |

| | |
|---|---|
| | -На тврдењето: Се дружам со другарчињата од друга етничка припадност. 87% од учениците одговориле позитивно, 3% негативно, а 10 % делумно се сложиле.<br><br>-На прашањето: Дали соработуваш со ученици кои имаат послаб успех од тебе? 97% од учениците одговориле позитивно, а само 3 % делумно се сложиле.<br><br>-На тврдењето: Ако имаш потреба бараш и добиваш помош од стручната служба во училиштето? 84% од учениците одговориле позитивно, 6% негативно, а 10 % делумно се сложиле .<br><br>-На прашањето: Дали наставниците користат нагледни средства во наставата за полесно усвојување на наставното градиво? 63% од учениците одговориле позитивно,10% негативно, а 27% делумно се сложиле .<br><br>-На прашањето: Дали се чуствувате безбедно во Вашето училиштето? 87% од учениците одговориле позитивно, а 13% делумно се сложиле.<br><br>*Од анкетата може да се заклучи дека учениците учат во безбедна средина, задоволни се од третманот на наставниците кон нив и нивната стручност, постои соработка и имаат изградена взаемна доверба* |
| ***Анкета за родители*** | Со анкетата се опфатени 29 родители<br>-На прашањето: Дали училиштето го чувствувате како безбедна средина за вашето дете? 97% од родителите одговориле позитивно и 3% проценти дале негативен одговор на прашањето.<br><br>-На прашањето: Дали сте задоволни од хигиената и изгледот на училиштето? 90% од родителите одговориле позитивно и 10% проценти дале негативен одговор на прашањето.<br><br>-На прашањето: Дали наставниците и другите вработени во училиштето се грижат за безбедноста и здравјето на вашето дете? 72% од родителите одговориле позитивно, 3% проценти дале негативен одговор на прашањето и 24% одговориле со делумно.<br><br>-На прашањето: Дали сте задоволни од раководењето на училиштето? 66% од родителите одговориле позитивно, 3% проценти дале негативен одговор на прашањето и 31% одговориле со делумно.<br><br>На барањето: родителите да дадат предлози за унапредување на наставата во училиштата:<br>Родителите предложиле:<br>*Со физичко присуство на училиште*<br>*Се додека има партиско вработување нема да има напредок*<br>*Децата да бидат со книги на училиште*<br>*Повеќе практични вежби, настава потпомогната со видео приказ.* |

| | |
|---|---|
| | *Да се вратат во училиште* |
| ***Анкета за Училишен Одбор*** | Со анкетата се опфатени сите 7 членови на УО<br><br>-На прашањето: Дали сте запознаени со деловникот за работа на Училишниот одбор? Сите анкетирани 100% дале позитивен одговор ДА.<br><br>-На прашањето: Сметате ли дека Вашата работа е транспарентна? 86% одговориле позитивно, а 14% одговориле со делумно.<br><br>-На прашањето: Дали мислите дека постои партнерски однос помеѓу Училишниот одбор и директорот? 86% одговориле позитивно, а 14% одговориле со делумно.<br><br>-На тврдењето: Како член редовно присуствувате на состаноците на Училишниот одбор? 86% одговориле позитивно, а 14% одговориле со делумно.<br><br>-На прашањето: Дали се почитуваат законските регулативи? Сите анкетирани 100% дале позитивен одговор ДА.<br><br>-На прашањето: Ваше согледување за работата на Училишниот одбор и дали сте задоволни од работата и начинот на фунционирање. 86% одговориле позитивно, а 14% одговориле со делумно.<br><br>Од овде може да се заклучи дека членовите на Училишниот одбор се запознаени и информирани во врска со работата, постои успешна соработка со раководниот орган, нивната работа е транспарентна. |
| ***Интервју за директор*** | Директорката беше интервјуирана<br><br>На прашањето: Од кога сте на позицијата директор на училиштето? Директорката одговори од *08.02 2018.*<br><br>На прашањето: Кој е преоритетот во вашата Годишна програма и програмата за професионален развој? Директорката истакна дека тоа е п*оквалитетна настава, подобрен успех кај учениците а со тоа поквалитетна настава и наставниците да се стекнат со повеќе компетенции.*<br><br>На прашањето: Кое е мотото на Вашето училиште? Директорката одговори:*„Во нашето училиште секој од секого учи“*<br><br>На прашањето: Што преферирате при вршењето на Вашата раководна и менаџерска функција, Вашето развојно планирање? Директорката ги истакна следниве развојни цели:<br><br>*Како развојна цел 1. Подобрување на квалитетот на наставата*<br>*2. цел инфраструктура, создавање на услови за целосна и безбедна настава.* |

| | |
|---|---|
| | *3.цел Напредување на наставниот процес*<br><br>На прашањето: Како ги реализирате вашите активности во организациска мисла и на што најмногу се фокусирате за задоволување на принципите и менаџерската функција? Директорката одговори:*Да се стекнам со компетенции во менаџирањето и можност за напредување и колку ќе допринесам во организациската структура, култура.*<br><br>На прашањето: Како го оценувате вашето влијание врз работата на наставниците и учениците? Директорката одговори дека: З*а оценката ќе кажат наставниците и учениците. Во целина се трудам да ги постигнам поставените цели пред себе како високо мотивирана личност*<br><br>На прашањето: На кој начин го вршите информирањето на вработените и пошироката јавност? Директорката одговори:*Вработените ги информирам преку писмено известување на огласна табла, писмено преку меил, преку месинџер групите, на веб страната на училиштето, на фејзбук страната на училиштето и прку медиумите.*<br><br>На прашањето: Кажете ни како остварувате партнерства со локалната заедница, невладиниот сектор како и други институции кои се поврзани со делокругот на работа на училиштето. Директорката истакна:*Преку разговор, преку меморандум на соработка, со покана на zoom и Tim's и др.*<br><br>На прашањето: Каква е Вашата соработка со Просветниот инспекторат , Бирото за развој и секоторот за основно образование при МОН? Директорката одговори:*Соработката е на завидно ниво, бидејќи имаме поддршка и сме отворени за соработка.*<br><br>На прашањето: Ваше согледување за работата во училиштето и дали сте задоволни од постигањата на секој сегмент? Директорката истакна:<br><br>*„Мојата девиза е. Никогаш не е доволно, секогаш може повеќе...секој би посакал да биде дел од семејството на ваков наставен кадар, посветен и отворен за соработка“* |

| ***Резултати*** | |
|---|---|
| ***ЈАКИ СТРАНИ:*** | ***СЛАБИ СТРАНИ:*** |
| Работата на УО е транспарентна, како и одлуките се достапни за сите субјекти вклучени во воспитно-образовниот процес.<br>Раководниот орган успешно ја делигира, води и организира тимската работа на вработените<br>Донесува одлуки и го поттикнува професионалниот однос меѓу сите структури во училиштето. | Подобрување на материјалните услови за работа.<br>Збогатување на книжниот фонд во библиотеката<br>Стручна литература за наставниците-прирачници<br>Лектирните изданија ги има во библиотеката, но во недоволен број. (набавени се дел од новите лектирни изданија)<br>Целосна реконструкција на училишната сала за физичко и здравствено |

| | |
|---|---|
| Се следи напредокот на учениците со потешкотии во учењето.<br>Училиштето има утврден систем за известување на родителите за напредокот на нивните деца преку: родителските средби, е-дневник и пишани информации.<br>Учениците се оценуваат јавно и објективно.<br>Училиштето има пишан кодекс на однесување на учениците, наставниците и на родителите.<br>Училиштето се грижи од аспект на хумана и социјална помош на загрозените ученици.<br>Воспоставена хармонија во меѓучовечките односи.<br>Воспоставена добра соработка со родителите.<br>Изнаоѓање на алтернативни начини и патишта за обезбедување на дополнителни финансиски средства за подобрување на работата на училиштето.<br>Развојниот план на училиштето опфаќа различни форми на стручно усовршување и е предвиден за сите наставници.<br>Дел од училишниот двор се користи за реализирање на дел од наставата.<br>Училници има во доволен број според капацитетот на училиштето кои се пространи со голем број на прозори и доволно осветлени<br>Направени се следниве инфраструктурни промени:<br>-целосна санација на санитарните чворови за ученици,на двата ката<br>- целосна замена на подот на вториот кат со под од епоксидна смола<br>-целосна реконструкција со замена на електрична инсталација,плафон и кабинетска опрема во дел од училниците на вториот кат<br>-целосно оградување на училишниот двор<br>-уредување на пристапните патеки на двата влеза<br>-поставена е пвц врата кон подрумските простории | образование и набавка на справи и реквизити.<br>Континуиран недостаток на потрошен материјал за наставниците.<br>Набавка на лаптоп за наставниците како средство за работа.<br>Воведување двосменско работење за сите ученици подеднакво. |
| ***Можности:***<br>Училиштето може да издвои средства за набавка на лектирни изданија и да има доволен број на лектири во библиотеката, стручна литература за наставниците и потрошен материјал за наставниците (хартија, тонери, лаптопи, хартија во боја, средства за пишување, печатари)<br>Училиштето преку проекти може да ја опреми училишната сала со справи и реквизити. | ***Закани:***<br>Без обновување на лектирните изданија и честото ненаоѓање на лектири кај учениците може да се намали желбата за читање и отежната обработка на лектирите на предвидените часови за лектира<br>Недоволната опременост на наставниците со потрошен материјал и средства за работа може да доведе до намален квалитет во наставата и намалена креативност кај наставниците и учениците.<br>Недоволната опременост на училишната сала со справи и реквизити може да доведе до неправилен физички развој и разни деформитети кај учениците. |

| | |
|---|---|
| ***Идни активности:*** | Обновување на фондот на библиотеката со лектирни изданија.<br>Континуирана набавка на потрошен материјал и средства за работа на наставниците.<br>Целосна реконструкција на училишната сала за физичко и здравствено образование и набавка на справи и реквизити.<br>Пешачки спортски патеки на северна и западна страна.<br>Поставување на парно греење во подрачното училиште во с.Горобинци. |

***Анализа на резултатите***

Според Законот за основно образование, орган за управување на училиштето е Училишниот одбор и е конституиран во согласност со законската регулатива и Статутот на училиштето. Состаноците се свикуваат со доставување лични покани, предлог дневен ред и предлог - одлуки до членовите на УО. Седниците се одржуваат и полноправно се одлучува доколку е обезбеден законски утврдениот кворум за работа. Раководниот орган има јасна визија за потребите на училиштето и истото го спроведува со добро разработена стратегија каде што делува и ги опфаќа сите страни од животот на училиштето.

Раководниот орган има изградено професионален однос кон работата и способност да раководи со вработените ефективно, да комуницира и да ги задолжува со ефективни работни задачи што се заснова врз најнови знаења и вештини и придонесува за успешно совладување на промените во образовниот процес. Раководниот тим меѓусебно и со другите вработени соработува во размена на идеи и разрешување на проблемите.

Раководниот орган дава целосна подршка на реализација на Планот на активностите (разубавување на училишниот простор со цвеќе, рекреативни трки, кампања за здрава храна, собирни акции на хартија и пластика и др.. Други структури во училиштето се: Наставнички совет, Совети на предметни и одделенски наставници, Активи на наставници, Совет на родители, Комисии, Ученичка заедница и др. Односот на раководниот тим кон овие структури е добар. Информациите и одлуките, зависно од карактерот, се соопштуваат транспарентно на формални средби, огласни табли и сл. Училишната политика е јасно креирана со документите за работа во Училиштето - Годишната програма, Развојниот план, Статутот на училиштето. Јасноста на целите на училишната политика се гледа и во јасната и концизна Мисија и Визија на училиштето која транспарентно е поставена во училиштењто. Во реализација на целите училиштето ги мобилизира сите релевантни субјекти (кадар, наставници, ученици, локална самоуправа и др.).

Целите на училиштето се во согласност со целите за реализација на Планот за активности од еколошката програма со која се запознати членовите на Еко одборот и сите вработени.

Училишната политика се планира преку Развојниот план на училишето кој се донесува на секоја трета година. Во изготвување на Развојниот план учествува директорот на училиштето, работниот тим за изработка на Развојниот план. Планот се усвојува од Наставничкиот совет и Училишен одбор.

Развојното планирање е фундамент во определбата на целите и задачите на Годишната програма за работа на училиштето. Согласно Законот за основно образование се врши периодично планирање врз основа на резултатите од самоевалуацијата. Податоците се релевантен показател и преку нивна систематизација и проценка се врши одредување на приоритетите. Собирањето на податоците се врши преку систематизирање на емпириски показатели, но и субјективни мислења искажани преку анкетни прашалници, конципирани според структурата на проблематиката.

Целиот воспитно-образовен кадар во училиштето учествува на сите обуки за професионално напредување што се организирани од МОН, БРО и од други организации. Училиштето навремено ги идентификува потребите од материјално-технички средства и континуирано ги планира и обезбедува во зависност од финансиските средства. Училиштето обезбедува средства за одржување на наставните средства.

Училиштето ќе продолжи да вложува во осовременување на наставата и збогатување со нагледни наставни средства и помагала.

Училиштето континуирано го ревидира планот за подобрување и осовременување на инфраструктурата. Училиштето има воспоставено соработка со Локалната самоуправа и заедницата во однос на подобрување на инфраструктурата.

Училиштето применува различни форми и активности за обезбедување, грижа, благосостојба и заштита на машките и женските деца вклучувајќи ги и оние со посебни образовни потреби преку непосреден разговор со нив и нивните родители, преку соработка со службата за

| |
|---|
| социјални грижи и други асоцијации како и со вклучување на учениците во слободните ученички активности.<br>Преку секојдневната работа за време на наставата, непосредните контакти со учениците, систематските прегледи и разговор со родителите училиштето ги открива учениците со физички, ментални, здравствени или емоционални проблеми и во соработка со релевантните институции пристапува кон преземање соодвени мерки за прилагодување на учениците и решавање на настанатите потешкотии.<br>Односите меѓу учениците, наставниците и родителите се градат на взаемно почитување и доверба.<br>Постои добра информираност за професионалната ориентација на учениците.<br>Евиденцијата за редовноста, поведението и развојот на учениците уредно се води во одделенските и главните книги, евидентните листови и истата им е достапна на родителите. |

## Област 5: Комуникациски односи со јавноста

| **Ниво на евалуација** | **Многу добро** |
|---|---|

| **Бр.** | **Индикатори за квалитет** | **Теми** |
|---|---|---|
| 5.1 | Наставни планови и програми | • Информираност на родителите и учениците за наставните планови и програми |
| 5.2 | Воннаставни активности | • Афирмирање на учениците и на училиштето преку воннаставните активности |
| 5.3 | Известување за напредокот на учениците | • Известување на родителите за напредокот на учениците |
| 5.4 | Промовирање на постигањата | • Промовирање на личните постигања на учениците |
| | | • Промовирање на постигањата во име на училиштето |

### *5.1 Управување и раководење со училиштето*

| **Ниво на евалуација** | **Добро** |
|---|---|

| **Бр.** | **Индикатори за квалитет** | **Теми** |
|---|---|---|
| 5.1. | Наставни планови и програми | • Информираност на родителите и учениците за наставните планови и програми |

| **Извори на податоци** | **Податоци** |
|---|---|
| • Записници од родителски средби;<br>• Записници од индивидуални консултативни средби со родители и ученици;<br>• Анкетни прашалници (наставници, родители); | Применуваните наставни планови и програми се реализираат врз основа на наставните планови и програми донесени од страна на Министерството за образование и наука, а изработени од Бирото за развој на образованието. Наставните планови и програми се реализираат во пропишаниот обем. Наставата целосно се организира и реализира согласно наставниот план за основно образование. Училиштето ги нуди и ги реализира само наставните планови и програми изготвени од |

| | |
|---|---|
| | Министерството за образование и наука. Наставните планови и програми доставени од Министерството за образование се реализираат во потребниот обем со мали исклучоци по наставниот предмет Физичко и здравствено образование заради недостаток на некои спортски реквизити во централното и просторни услови подрачното училиште. Врз начинот на реализација на наставните планови и програми постојат можности и дадена им е слобода на наставниците да влијаат и да вршат поместување на темите според временски услови. Наставниците добиваат подршка од училиштето за осовременување на наставните програми преку семинари и обуки, вклучување во проекти, советувања,дисеминации и др.<br>Наставните планови и програми им се достапни на сите наставници (на веб страната од БРО), а наставниците редовно се запознаваат со измените и дополнувањата на наставниот план доколку ги има пред почетокот на неговата примена.<br>Врз основа на наставните планови и програми, наставниците пред почетокот на секоја учебна година изработуваат годишни и тематски планирања по сите наставни предмети (задолжителни и изборни),за додатна и дополнителна настава,како и за слободните ученички активности. Наставните програми се целосно реализирани во согласност со стандардите и критериумите за оценување.<br>На почетокот на секоја учебна година , училиштето изготвува брошура преку која родителите и учениците се запознаваат со организација на работата во училиштето како и одделни делови од програмата за работа, правата и обврските на учениците .Учениците со наставните планови и програми за наставните предмети кои ќе се изучуваат во тековната учебна година се запознаваат најчесто на првиот час на почетокот на учебната година.<br>Родителите,почетокот од учебната година,на првата родителска средба се изјасниле дека наставните планови и програми одговараат на возраста на нивното дете и го помагаат физичкиот и психичкиот развој на нивното дете.<br>Училиштето посветува особено внимание на инклузијата на децата со посебни образовни потреби, особено преку реализацијата на проектот„Инклузивно училиште".За учениците со посебни потреби се изработуваат индивидуални образовни планови од страна на Инклузивниот тим во соработка со родителите/старателите ,со изменета |

| | |
|---|---|
| | или прилагодена програма на нивните интереси и способности.Овие ученици работат со подршка на образовен асистент,како на самите часови така и при изработката на домашните задолженија.<br>Во училиштето нема дефектолог за работа со деца со потешкотии во развојот ,но има вработено логопед со половина работно време и работи со учениците кои имаат потешкотии во говорот.<br>Во нашето училиште избор можат да вршат учениците кои треба да изучуваат изборни предмети според наставните планови и програми во соодветното одделение-предложени од  Бирото за развој на образованието.На крајот на учебната година на учениците им се даваат анкетни листови со наведени изборни предмети кои во договор со родителите одлучуваат кои изборни предмети ќе ги изучуваат во текот на наредната учебна година. После тоа следуваат анализи на прибраните податоци од анкетирањата  и се прават групи од ученици кои ја следат наставната програма по избраниот предмет. Предметите што се нудат како избор на учениците се избрани согласно кадровските можности на училиштето.<br><br>Во рамките на проектот „Интеграција на еколошката едукација во македонскиот образовен систем“ се изработува План на активности секоја учебна година и во него се планирани активностите кои ќе се реализираат во текот на годината по сите стандарди. Исто така во рамките на истиот проект се изработува интегрирана програма во која се наведени сите наставни содржини кои одговараат на еко стандардите.<br>Училиштето ги почитува законските обврски и можностите и потребите на учениците и родителите. Во таа насока,училиштето има изготвено проширена програма за прифаќање и заштита на учениците, еден час пред започнувањето и еден час по завршувањето на наставните часовив како и продолжен престој.Па така,на почетокот на учебната година се реализира анкетирање  на родители на ученици во прво, второ и трето одделение за проширена програма при што   родителите се изјаснуваат дали сакаат нивните деца да бидат прифатени во училиштето еден час пред и по завршувањето на наставата. Вклучувањето на учениците во продолжен престој е во согласност со<br>родителот, а почитувајќи ги притоа можностите и<br>потребите на учениците.<br>Во училиштето има и реализирање на целодневен престој на учениците. |

*5.2 Воннаставни активности*

| **Ниво на евалуација** | **добро** |
|---|---|

| **Бр.** | **Индикатори за квалитет** | **Теми** |
|---|---|---|
| 5.2. | Воннаставни активности | • Афирмирање на учениците и на училиштето преку воннаставните активности |

| **Извори на податоци** | **Податоци** |
|---|---|
| • Увид во веб страната на училиштето,<br>• Дипломи, пофалници, признанија | Во нашето училиште воннаставните активности се реализираат задолжително, а служат за подршка на личен, професионален и социјален развој на ученикот. Во училиштето работат слободни ученички активности за стекнување знаења (литературна, рецитаторска, драмска, библиотекарска, секција по англиски, француски, италијански јазик, математика, историја, географија, физика, хемија, природни науки и техника, информатика, програмирање), слободно културно – уметнички активности (хор, оркестар, ликовна секција), слободни спортски активности (фудбал, кошарка, ракомет, спортско ритмичка секција) и слободни технички активности ( сообраќајна секција). Во рамките на одделенска настава работат секциите: литературна, драмска, математичка, ликовна, фолклорна, ритмичко – балетска.<br>Учениците уште текот на месец февруари учествуваат на училишни натпревари по наставни предмети. Учениците самоиницијативно се јавуваат за учество во согласност со интересите. Сите ученици без разлика на пол и етничка припадност се вклучени во активностите според програмата за општествено – корисна работа, реализација на екскурзии од наставно – научен и рекреативен тип, систематски преглед, активности во рамките на проектот „Интеграција на еколошката едукација во македонскиот образовен систем“, програма за работа на Училишната заедница, екскурзии, програма за работа на СУА, и др.<br>Нашето училиште им овозможува промоција и афирмација на учениците без разлика на полот и етничката припадност преку: учество и доделување дипломи за освоени места на училишните натпревари, учество на натпревари на општинско, регионално и државно ниво, учество на манифестации од јавен карактер како Детска поетска лабораторија, „Рацинови средби“, „Пролет, љубов, смеа“, учество на сите конкурси распишани во нашето, останатите општински училишта и пошироко, приредби организирани во училиштето и надвор од него. |

| | |
|---|---|
| | Постигањата и успесите на учениците се промовираат во училишниот весник, локалната телевизија и др. |

*5.3 Известување за напредокот на учениците*

| **Ниво на евалуација** | **Многу добро** |
|---|---|

| **Бр.** | **Индикатори за квалитет** | **Теми** |
|---|---|---|
| 5.3. | Известување за напредокот на учениците | • Известување на родителите за напредокот на учениците |

| **Извори на податоци** | **Податоци** |
|---|---|
| • Евиденција за остварени средби и соработка со родителите,<br>• Увид во евидентни листови,<br>• Електронски дневник,<br>• Анкетен прашалник (родители) | Учениците се информираат за својот напредок од предметните наставници, одделенски/раководители на паралелка, а исто така им се достапни на увид оцените во одделенските дневници, евидентни листи и свидетелства.<br>Родителите се информираат за постигањата на нивните деца преку состаноци со родителите, индивидуални неформални разговори со одделенските/раководители на паралелка и стручна служба, отворен ден на училиштето. Во текот на учебната година се реализираат најмалку пет родителски средби. Сепак, родителите не ја користат максимално соработката за подобрување на постигањата на своите деца.<br>Со родителите на учениците кои имаат три и повеќе слаби се реализираат советувања за родители.<br>Оцените на учениците се внесуваат и во електронски дневник и се достапни за родителите;<br>Според изјаснувањето на учениците за време на часовите се преземаат активности за обезбедување пријатна атмосфера за работа;<br>Се дава редовна усна и писмена повратна информација за напредокот и постигањата и потребите за нивно подобрување;<br>Според изјаснувањето на наставниците во училиштето се вршат редовни анализи на постигањата, редовноста и дисциплината на учениците, поединечно, на ниво на паралелка и на ниво на училиште;<br>Од страна на наставниците се даваат конструктивни предлози за подобрување на постигањата, редовноста и дисциплината на учениците;<br>Според изјаснувањето на родителите наставниците објективно го |

| | |
|---|---|
| | оценуваат знаењето на нивните деца;<br>Родителите се изјасниле дека постојат голем број активности што се реализираат во училиштето кои се интересни и пријатни за нивното дете;<br>Родителите се изјасниле дека родителските средби се информативни и корисни;<br>На родителите им се допаѓа начинот на кој се реализираат наставните содржини; |

***5.4 Промовирање на постигањата***

| **Ниво на евалуација** | **добро** |
|---|---|

| **Бр.** | **Индикатори за квалитет** | **Теми** |
|---|---|---|
| 5.4. | Промовирање на постигањата | • Промовирање на личните постигања на учениците |
| | | • Промовирање на постигањата во име на училиштето |

| **Извори на податоци** | **Податоци** |
|---|---|
| • Годишна програма за работа на училиштето,<br>• Изложени трудови на учениците,<br>• Паноа за пофалби, награди,<br>• Медиумско промовирање на постигањата на учениците,<br>• Увид во веб страната и блогот на училиштето | Нашето училиште ги промовира постигањата на учениците без разлика на полот и способностите. Во нашето училиште редовно се распишуваат литературни и ликовни конкурси по повод Детската недела и деновите на училиштето. На првите три најуспешни литературни и ликовни творби им се доделуваат дипломи. На литературно читање се читаат личните творби, а од ликовните творби се прави изложба. Со своите лични творби нашите ученици учествуваат на конкурси во други општински училишта „ Домот на културата, Сојуз на борци, Сојуз за грижи и воспитување на ученици и други институции.<br>Нашите ученици имаа успешен настап на локална телевизија и со задоволство учествуваат на приредби кои ги подготвуваат учениците и на сите манифестации организирани од различни институции. За своето учество учениците добиваат благодарници кои според правилникот за прогласување Првенец и гордости на генерацијата се вреднуваат постигањата на учениците. На учениците кои освоиле прво место на училишните натпревари на приредбата по повод патрониот празник им се доделуваат дипломи. Еден ученик се прогласува за првенец на генерацијата, а учениците кои имаат повеќе од 65 бода според правилникот се прогласуваат за гордости на генерацијата добиваат |

| | |
|---|---|
| | дипломи и пригодни награди. |

| **Јаки страни:** | ***Слаби страни:*** |
|---|---|
| • За успешната реализација на вonнаставните активности предвидени со наставните планови во училиштето за проширување на знаењата на учениците потврдуваат многубројните дипломи, награди и пофалници освоени на натпревар од општинско, регионално и државно ниво.<br>• Е-дневникот им овозможува на родителите во секој момент да имаат увид во наставните содржини,<br>• Училиштето организира ученички натпревари и учествува на натпревари од општинско, регионално, државно и меѓународно ниво.<br>• На крајот на учебната година од учениците од деветто одделение се прогласува ученик на генерацијата.<br>• Училиштето одржува редовна комуникација со родителите/старателите на учениците преку: Советот на родители, редовните родителски состаноци, отворените родителски средби и индивидуалните разговори на покана од наставникот и самоиницијативно од родителот/старателот | • Релативно слаба отвореност на училиштето кон околината преку различни медиуми;<br>• релативно слаба вклученост на учениците во активности организирани од локалната заедница; |
| **Можности:** | **Закани**: |
| • Новонастанатата состојба со пандемијата со вирусот Ковид 19, ја наметна потребата од стручно доусовршување на наставниот кадар за реализација на наставата од далечина (учење од дома ) и примена на различни алатки и техники- како основа за поголем квалитет при реализацијата на наставните програми; | • Слаба заинтересираност за доусовршување на наставниот кадар за реализација на наставата од далечина (учење од дома) и примената на различни алатки и техники кои би го зголемиле квалитетот на реализација на наставните програми; |

| | |
|---|---|
| **Идни активности:** | • Обезбедување дополнителни просторни услови за реализирање на воннаставни активности преку кои би се промовирале постигањата на учениците,односно училиштето ;<br><br>• Да се обезбедат материјални ресурси и просторни услови за работа со ученици со посебни потреби ;<br><br>• Зголемен буџет од финансиски средства на училиштето со цел- подршка на учениците кои ќе учествуваат во неговото промовирање ; |

**Област 6: Училишна клима и култура**

| **Ниво на евалуација** | **Многу добро** |
|---|---|

| **Бр.** | **Индикатори за квалитет** | **Теми** |
|---|---|---|
| 6.1 | Училишна клима и односи во училиштето | • Углед/имиџ на училиштето |
| | | • Кодекс на однесување |
| | | • Училишна клима |
| | | • Поведение и дисциплина во училиштето |
| | | ● Партиципација на учениците во решавањето проблеми и донесувањето на одлуки |
| 6.2 | Еднаквост и правичност | • Познавање на правата на децата |
| | | • Еднаков и правичен пристап на сите ученици |
| | | • Прифаќање и промовирање на мултикултурализмот |

***6.1 Училишна клима и односи во училиштето***

| **Ниво на евалуација** | **Многу добро** |
|---|---|

| **Бр.** | **Индикатори за квалитет** | **Теми** |
|---|---|---|
| 6.1. | Училишна клима и односи во училиштето | • Углед/имиџ на училиштето |

| | | |
|---|---|---|
| | | • Кодекс на однесување |
| | | • Училишна клима |
| | | • Поведение и дисциплина во училиштето |
| | | ● Партиципација на учениците во решавањето проблеми и донесувањето на одлуки |

| Извори на податоци | Податоци |
|---|---|
| • Кодекс на однесување на ученици, наставници, родители;<br>• Педагошка евиденција за изречени педагошки мерки,<br>• Правилник за оценувањето, напредувањето, видови пофалби, награди и педагошки мерки за учениците,<br>• Структура на паралелките,<br>• Педагошка евиденција и документација во однос на вклученост на учениците во воннаставните активности,<br>• Дневник за работа на стручна служба,<br>• Извештај за работата на училиштето (полугодишен и годишен),<br>• Записници од Совет на родители и родителски средби,<br>• Педагошка евиденција и документација (за општествено корисна работа, за јавно културна дејност)<br>• Програма за работа и извештаи на ученичка заедница,<br>• Анкетни прашалници (наставници, родители, ученици);<br>• Веб-страница и фејсбук-профил на училиштето;<br>• Огласна табла на влезот во училиштето. | **6.1.1. Углед/имиџ на училиштето**<br>Училиштето е препознатливо по високиот квалитет на работа и постигањата на учениците во различни области, како и остварување на визијата и мисијата на училиштето. Училиштето се грижи за здравјето и безбедноста на учениците, ги негува родовата сензитивност и мултикултурализмот, ја поддржува инклузивноста и ја зајакнува партиципацијата на учениците, родителите и заедницата во училишниот живот. Наставниот кадар е почитуван од страна на родителите. Учениците и вработените се идентификуваат со училиштето, се грижат за неговиот углед и се горди што се дел од него.<br>**6.1.2 Кодекс на однесување**<br>Во училиштето постои и се почитува Кодекс на однесување, во кој се содржани принципи, правила и обврски на однесување на сите структури во училиштето (раководен кадар, наставници, стручна служба, технички персонал, ученици и родители). Во изработката на кодексот учество земаа сите структури. Куќниот ред е поставен на видни места во училиштето. Постои и Правилник за изрекување на педагошки мерки, со кој се регулира поведението и изостанувањето на учениците. Со овој правилник се запознаени учениците, наставниците и родителите.<br>**6.1.3. Училишна клима**<br>Соработката на наставниците во нашето училиште е на високо ниво, особено помеѓу наставниците кои предаваат сродна група предмети, како и во стручните активи. Раководниот и наставен кадар има важна улога во добрата атмосфера во училиштето. Односот на наставниците кон учениците се базира на почитување на личноста на ученикот, неговата индивидуалност и квалитети. Сите вработени постојано апелираат и ги упатуваат своите ученици на грижа за училиштето како и едни за други. |

| | |
|---|---|
| | Наставниците настојуваат сите ученици без разлика на вера, род, етничка припадност, потекло, способности да се чуствуваат прифатени и среќни во училиштето.<br>Состаноците во училиштето се одвиваат на повеќе структури и нивоа - Одделенски совет, наставнички совет, стручни активи, советување на родители (групно – индивидуално), родителски средби (групно – индивидуално), отворен училишен ден.<br>**6.1.4. Поведение и дисциплина во училиштето**<br>За поведението и дисциплината во училиштето се грижат сите наставници и стручната служба на училиштето. Работната атмосфера е присутна за време на наставата и воннаставните активности. Се истакнуваат и редовно се соопштуваат сите ученици кои освоиле награди на општинските, регионални, државните натпревари, како и јуниорски олимпијади. За учениците со несоодветно однесување по било која основа и оние кои не го почитуваат етичкиот кодекс на училиштето, одделенскиот раководител како и Одделенскиот совет изрекуваат соодветни педагошки мерки, според Правилникот за педагошки мерки од Законот за основно образование. Вработените внимателно, но авторитетно се справуваат со проблемите во однос на дисциплината и редовноста. Сметаме дека со зајакнување на наставничките дежурства овие проблеми би се намалиле уште повеќе.<br>**6.1.5. Партиципација на учениците во решавањето проблеми и донесувањето на одлуки**<br>Училиштето има демократски формирано ученички парламент кој учествува во разгледувањето на одлуки за прашања што се од непосреден интерес за учениците. Учениците навреме и целосно се информирани од ученичкиот парламент за сите работи што се од нивен непосреден интерес и учествуваат во решавањето на проблемите и донесувањето одлуки во врска со тие работи.<br>Со тајно гласање и по демократски пат, учениците избраат Претседателство составено од претставници од сите одделенија и претседавач, највозрасниот член на Претседателството. УП работи по своја програма со планирани активности и навремено и целосно информирање за сите прашања од нивен интерес. Претседавачот го закажува состанокот, а соопштението се става |

| | |
|---|---|
| | на огласна табла за учениците. |

*6.2 Еднаквост и правичност*

| **Ниво на евалуација** | **Многу добро** |
|---|---|

| **Бр.** | **Индикатори за квалитет** | **Теми** |
|---|---|---|
| 6.2. | Еднаквост и правичност | • Познавање на правата на децата |
| | | • Еднаков и правичен пристап на сите ученици |
| | | • Прифаќање и промовирање на мултикултурализмот |

| **Извори на податоци** | **Податоци** |
|---|---|
| • Кодекс на однесување,<br>• Педагошка евиденција за изречени педагошки мерки,<br>• Правилник за оценувањето, напредувањето, видови пофалби, награди и педагошки мерки за учениците,<br>• Структура на паралелките,<br>• Педагошка евиденција и документација во однос на вклученост на учениците во воннаставните активности,<br>• Дневник за работа на стручна служба,<br>• Извештај за работата на училиштето (полугодишен и годишен),<br>• Записници од Совет на родители и родителски средби,<br>• Педагошка евиденција и документација (за општествено-корисна работа, за јавно културна дејност)<br>• Увид во фејсбук-профилот и веб-страницата на училиштето,<br>• Програма за работа и извештаи на ученички парламент,<br>• Анкетни прашалници (наставници, родители, ученици)<br>• Извештаи од работата на биоеколошката секција во училиштето. | **6.2.1. Познавање на правата на децата**<br>Стручната служба, наставниците и другите вработени во училиштето ги знаат и почитуваат правата на децата и ги заштитуваат во случај на нивно нарушување. Училиштето е спремно да реагира до сите надлежни институции во случај на прекршување на детските права. Училиштето ги поттикнува учениците да ги осознаваат своите права преку организација на различни предавања и трибини. Сите ученици без разлика на полот, способностите и етничката припадност, се вклучени во спортски, фолклорни, ритмички, актерски, еколошки активности, маскембал и дефиле низ градот по повод денот на шегата, користење книги од училишната библиотека, придржување кон правилата пропишани со Кодексот на однесување на учениците.<br>Традиционално за време на Детската недела во нашето училиште се организираат Игри без граници, се распишува литературен и ликовен конкурс, се организираат работилници и литературни дружења, а на часот на раководителот на паралелката се читаат содржини од обласа на правата на децата. За учениците од прво одделение се реализира хепенинг по повод приемот на првачињата во Детската организација.<br>**6.2.2. Еднаков и правичен пристап на сите ученици**<br>Училиштето настојува да има еднаков и правичен третман на своите ученици. Сите тие без оглед на својата национална припадност подеднакво учествуваат во наставните и |

| | |
|---|---|
| | вонраставните активности во зависност од своите интереси, афинитети, можности и вештини. Сите ученици без разлика на возраста, полот, социјалниот статус уживаат еднакви права. Вработените во училиштето подеднакво се однесуваат кон сите ученици како и кон учениците со посебни потрби кои се активно вклучени во наставата.<br>**6.2.3. Прифаќање и промовирање на мултикултурализмот**<br>Училиштето е вклучено во Проектот за меѓуетничка интеграција во образованието, има партнер-училиште и остварува повеќе заеднички активности, согласно Програмата за работа на тимот за меѓуетничка интеграција. Мултикултурално ги едуцираме учениците и со спроведување на интегрирани часови по сродни наставни предмети како и преку содржините што ги изучуваат изборните предмети учениците ги запознаваме со различните култури кај нас. Училиштето ги користи сите можни стратегии за да овозможи соработка и разбирање помеѓу различните нации, култури, религии како и отфрлање на сите можни предрасуди. |

| **Јаки страни:** | ***Слаби страни:*** |
|---|---|
| • Училиштето владее со добра клима и е препознатливо по високиот квалитет на работа и постигањата на учениците во различни области, како и остварување на визијата и мисијата на училиштето.<br>• Училиштето ги негува родовата сензитивност и мултикултурализмот, ја поддржува инклузивноста и ја зајакнува партиципацијата на учениците, родителите и заедницата во училишниот живот<br>• Училиштето има Кодекс на однесување во кој се поставени принципите и правилата на однесување на учениците и наставниците. | • Дисциплината на учениците за време на одморите треба да се подобри.<br>• Учениците делумно учествуваат во донесувањето одлуки за атмосферата и работата во училиштето.<br>• Родителите се  вклучени во активностите на училиштето, но соработката од нивна страна е делумна, посебно во однос на проблемите со родителите на учениците што покажуваат послабо поведение и послаб успех. |

| | |
|---|---|
| • Учениците се секогаш стимулирани и поддржани од училиштето и наставниците да учествуваат на локални ,државни и меѓународни натпревари и манифестации.<br>• Училиштето ги промовира еднаквоста и правичноста како темелни вредности во сите свои пишани документи и има развиено механизми со кои обезбедува нивно почитување во односите меѓу сите структури што учествуваат во училишниот живот.<br>• Педагошката служба редовно ја следи работата на наставниците и нивното залагање кон учениците<br>• Помеѓу вработените има добри меѓучовечки односи и владее позитивна клима за меѓусебна соработка.<br>• Наставниците покажуваат позитивни и мотиврачки ставови кон учењето и работата со учениците.<br>• Наставниците и учениците отворено разговараат, се прифаќаат, ценат и ја негуваат еднаквоста на секоја личност без разлика на етничката, верската, националната и друга припадност.<br>• Наставниците сметаат дека на родителите целосно им се достапни информациите за сите училишни активности. | |
| **Можности:** | **Закани**: |
| • Подобрување на соработката со родителите за подобрување на дисциплината, успехот и моралното однесување.<br>• Формирање на тим за промоција и афирмација на училиштето. | • Намалување на дисциплината во училиштето<br>• Нарушување на климата и односите во училиштето |
| **Идни активности:** | • Соработка со родители, преку организирање работилници и советувања, посебно со оние родители чии деца се со послаб успех. |

| | |
|---|---|
| | • Соработка со други училишта, училишта од мешан етнички состав |

**Област 7: Соработка со родителите и локалната средина**

| Ниво на евалуација | Добро |
|---|---|

| Бр. | Индикатори за квалитет | Теми |
|---|---|---|
| 7.1 | Партнерски односи со родителите и локалната и деловната заеница | • Соработка на училиштето со родителите |
| | | • Соработка со локалната заедница |
| | | • Соработка со деловната заедница и невладиниот сектор |

***7.1 Партнерски односи со родителите и локалната и деловната заеница***

| Ниво на евалуација | Добро |
|---|---|

| Бр. | Индикатори за квалитет | Теми |
|---|---|---|
| 7.1. | Партнерски односи со родителите и локалната и деловната заеница | • Соработка на училиштето со родителите |
| | | • Соработка со локалната заедница |
| | | • Соработка со деловната заедница и невладиниот сектор |

| Извори на податоци | Податоци |
|---|---|
| • Годишна програма за работа на училиштето,<br>• Записници и одлуки од состаноци од Училишниот одбор,<br>• Проекти на училиштето,<br>• Организирани трибини, предавања, дебати со родители и претставници од деловната заедница и невладиниот сектор,<br>• Документација за добиени спонзорства и донации<br>• Интервјуа со директор, стручна служба<br>• Анкетни прашалници (родители) | 7.1.1. **Соработка на училиштето со родителите**<br>Соработка на училиштето со родителите е перманентна, транспарентна и јавна. Секогаш се внимава родителите активно да бидат вклучени во наставниот процес, како и во воннаставни активности. Училиштето ги поттикнува и вклучува родителите во воспитно-образовната работа преку Советот на родители, преку претставниците од родителите на УО. Родителите постојано се консултураат за воведување новини во училиштето. Сепак мораме да нагласиме дека вклученоста на родителите во наставниот процес би можела да биде подобра.<br>Училиштето организира родителски средби, најмалку по 5 во годината и индивидуални средби за одредени ученици. Секој прв вторник во месецот училиштето има отворен ден за родителите.<br>Претставниците за Совет на родители се бираат по демократски пат на |

| | |
|---|---|
| | родителска средба од страна на родителите, но без можност за кандидирање. Информациите што се однесуваат на сите аспекти на работењето на училиштето, како целите, организацијата на ВОР, идните активности и нивото на постигањата на учениците, јасно и разбирливо по усмен пат и презентации им се кажуваат на родителите. На почетокот на учебната година родителите добиваат леток за наставните програми за таа учебна година. Училишниот психолог одржува советувања со родители чии деца имаат три и повеќе слаби оцени, 10 неоправдани и 100 оправдани изостаноци, антисоцијално однесување.<br>7.1.2. **Соработка со локалната заедница**<br>Училиштето соработува со локалната заедница и е вклучено во реализирање на активности од локално ниво, па и активности кои ги организира државата, во реализирање на заеднички проект и слично. Соработката со голем број установи позитивно влијае на подобрување на воспитно-образовниот процес кај учениците. Во рамките на Еко проектот, како и проектот за Меѓуетничка интеграција училиштето вклучува претставници од деловниот и невладиниот сектор. Училиштето ги информира родителите од Совет на родители за активностите и бара поддршка од нив.<br>Училиштето активно се вклучува во животот на локалната заедница преку спроведување заеднички проекти и учество на настани од интерес за заедницата. Нашите ученици редовно учествуваат на разни манифестации што по различни поводи ги организира Локалната средина (2 Август, 14 септември, 19 декември), Априлијада, Завршен хепенинг за крајот на учебната година. Учениците посетуваат институции (градска библиотека, фарми, метереолошка станица, Пошта, Општински суд, музеј, банка, пекарница, градоначалник на општина Свети Николе и др.<br>7.1.3. **Соработка со деловната заедница и невладиниот сектор**<br>Соработката на училиштето со деловната заедница е на ниско ниво и најчесто се сведува на донации од родители на ученици, раководители на деловна фирма.<br>Училиштето соработува со останатите училишта во општината, МВР Свети Николе, ЈУМ Центар за социјални работи од Свети Николе, Здравниот дом „Гаврило Гаврилски, Домот на културата и др. институции, Дневниот центар за лица со посебни потреби и др.<br>Училиштето има воспоставено активна и континуирана соработка со родителите, локалната и деловната заедница и медиумите преку нивни |

| | |
|---|---|
| | известување, вклучување, реализирање на активностите. Училиштето има претставници од родителите, локалната и деловната заедница, НВО и медиумите во еко одборот. |

| **Јаки страни:** | ***Слаби страни:*** |
|---|---|
| • Училиштето има утврден систем за известување на родителите за напредокот на нивните деца и доследно ги применува<br>• Средбите со родителите се добро организирани и на нив јасно се пренесуваат информациите за сите случувања во училиштето<br>• Родителите остваруваат индивидуални средби за разговор со наставниците.<br>• Родителите добиваат и пишани документи: евидентни листови, свидетелства со детали за напредокот на нивното дете во воспитно-образовниот процес<br>• Со пристап во е-дневникот секој родител може лесно да биде информиран за оценките и редовноста на своето дете<br>• Средби со родителите на децата кои постигнуваат слаби резултати, одржува и стручната служба и притоа врши советодавна работа, упатувајќи ги родителите на постапки кон решавање на овој проблем<br>• Училиштето бара мислење и согласност од родителите кога се во прашање активности кои се финансираат од родителите<br>• Училиштето е отворено за соработка со локалната заедница, локалните стопански организации, фабрики, културни центри и други надворешни правни и физички лица<br>• Добра соработка со невладиниот и бизнис секторот. | • На отворените денови и родителските средби доаѓаат повеќе родителите на учениците што покажуваат повисоки постигнувања<br>• Забележана е неодговорност на мал дел родители во смисла на неодговарања на повикувањата од страна на стручните соработници и наставниот кадар<br>• Недоволна соработка со родителите на учениците од ромска националност за подобрување на редовноста во наставата. |
| **Можности:** | **Закани**: |
| • Зголемување на одговорноста на родителите.<br>• Подигнување на свеста на родителите за редовно посетување на настава од страна на нивните деца<br>• Едуцирање на родителите за актуелни теми од различни области за возраста на нивните деца. | • Зголемување на нередовноста на учениците<br>• Неодговорност на учениците во однос на училиштето |

| | |
|---|---|
| **Идни активности:** | • Поголем број на едукативни работилници наменети за ученици според нивната возраст<br>• Поголем број на едукативни работилници наменети за родители од различни теми според возраста на нивните деца |